Во членот 2 од овој правилник е утврдено дека правното лице за да врши одржување и техничка контрола на одржувањето на воздухоплов, мотор, елиса, падобран и опрема на воздухопловот треба да ги исполнува посебните услови наведени во меѓународниот стандард JAR - 145 на JAA, кој е даден во прилог и е составен дел на овој правилник.

5. Според член 8 став 1 алинеја 3 и 4 од Уставот на Република Македонија, владеењето на правото и поделбата на државната власт на законодавна, извршна и судска се едни од темелните вредности на уставниот поредок на Република Македонија.

Според член 51 од Уставот во Република Македонија законите мора да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и со закон.

Со членот 55 став 1 од Уставот се гарантира слободата на пазарот и претприемништвото, а според ставот 2, Републиката обезбедува еднаква правна положба на сите субјекти на пазарот и презема мерки против монополската положба и монополското однесување на пазарот.

Според член 61 став 1 од Уставот, Собранието на Република Македонија е претставнички орган на граѓаните и носител на законодавната власт.

Во членот 96 од Уставот е утврдено дека органите на државната управа работите од својата надлежност ги вршат самостојно врз основа и во рамките на Уставот и законите и за својата работа се одговорни на Владата.

Согласно член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа ("Службен весник на Република Македонија" бр.58/2000 и 44/2002) за извршување на законите и другите прописи, министерот донесува правилници, наредби, упатства, планови, програми и други видови акти кога за тоа е овластен со закон.

Според член 61 од овој закон, во однос на кој посебно се оспорува законитоста на правилникот, со актите кои ги донесува министерот не може за граѓаните и другите правни лица да се утврдуваат права и обврски ниту да се пропишува надлежност на други органи.

Од наведените уставни и законски одредби произлегува дека органите на државната управа, како дел од извршната власт, со закон можат да се овластат да донесуваат правилници, наредби, упатства и други акти за извршување на законите и дека со тие акти може само да се утврдуваат и разработуваат одделни одредби од законите заради нивно извршување, да се пропишува начинот на постапувањето во нивното извршување и слично, а не да се утврдуваат права и обврски на граѓаните и правните лица и да се пропишува надлежност на други органи. Ова од причини што правата и обврските на граѓаните и правните лица, како и надлежностите на органите на државната власт согласно Уставот може да се утврдуваат со закон, а не и со подзаконски акт.

Оттука, имајќи ја предвид содржината на наведените одредби од Законот за организација и работа на органите на државната управа, од една страна и на членовите 263 и 90 став 1 од Законот за воздушна пловидба, од друга страна, јасно произлегува дека министерот за транспорт и врски во времето кога е донесен правилникот имал законско овластување за тоа и дека овој правилник всушност е донесен во функција на разработување, односно операционализација и извршување на членот 90 став 1 од тој закон во кој се упатуваше на условите што треба да ги исполни лицето за одржување и контрола на одржувањето на воздухоплов.

Меѓутоа, во конкретниот случај, по поднесување на иницијативата Собранието на Република Македонија го донесе Законот за воздухопловството кој е објавен во "Службен весник на Република Македонија" бр.14/2006 од 3 февруари 2006 година. Со влегувањето во сила на овој закон престана да важи сојузниот Закон за воздушна пловидба кој се применуваше како републички пропис и врз основа на кој е донесен оспорениот правилник.

Според членот 192 од новиот Закон за воздухопловството, кој е преодна одредба, подзаконските прописи предвидени со овој закон ќе се донесат во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон (став 1). До денот на влегувањето во сила на подзаконските прописи, врз основа на овој закон, ќе се применуваат постојните прописи што важеле до денот на влегувањето во сила на овој закон (став 2). Доколку меѓународните договори кои ги ратификувала Република Македонија содржат одредби кои се разликуваат од одредбите на овој закон и подзаконските акти донесени врз основа на овој закон, тогаш ќе се применуваат одредбите од меѓународните договори (став 3).

Од наведената содржина на членот 192 од Законот за воздухопловството, меѓу другото, произлегува дека важењето на подзаконските прописи донесени врз основа на стариот закон, вклучувајќи го и оспорениот правилник, е продолжено до денот на влегувањето во сила на подзаконските прописи што ќе се донесат врз основа на овој закон. Тоа со други зборови значи дека со овој член од Законот за воздухопловството важењето на оспорениот правилник е продолжено и по престанување на важењето на законот врз чија основа е донесен, односно и по влегувањето во сила на новиот Закон за воздухопловството.

Оттука, по престанувањето на членот од законот, како и на целиот закон врз основа на кој е донесен, правниот основ за постоење и важење на оспорениот правилник е членот 192 став 2 од Законот за воздухопловството.

Тргнувајќи од тоа дека принципот на уставност и законитост, според кој законите мора да бидат во согласност со Уставот, а другите прописи, каков што е и оспорениот правилник, со Уставот и со законите, важи

секогаш и се однесува на сите прописи па и на прописите што важеле до влегувањето во сила на новиот закон, а се применуваат во периодот до донесување на новите подзаконски прописи, Судот оцени дека преодното решение од членот 192 став 2 од Законот за воздухопловството не претставува пречка за оценување на уставноста и законитоста на оспорениот правилник кој, како што веќе е наведено, не е спорно дека останува да важи и да е дел од правниот поредок и по влегувањето во сила на новиот Закон за воздухопловството.

Оттука, со оглед на причините и мотивите поради кои се оспорува Правилникот, Судот при оценување на неговата уставност и законитост ги имаше предвид и одредбите од Законот за воздухопловството кои се однесуваат на прашањата што се предмет на уредување на овој правилник, како и некои други одредби.

Така, во однос на меѓународните стандарди, во членот 3 од овој закон утврдено е дека подзаконските прописи предвидени со овој закон се изготвуваат во согласност со меѓународните воздухопловни стандарди, препорачаните практики и легислатива на EU, ICAO, ECAC, JAA/EASA и EUROCONTROL (став 1). Меѓународните стандарди, регулативи, упатства и препорачани практики на кои подзаконските прописи вршат само упатување, директно се сметаат за прифатени и се применуваат (став 2).

Во однос на обврската за одржување и техничката контрола на одржувањето на воздухоплов, мотор, елиса, падобран и опрема на воздухоплов новиот Закон за воздухопловството во членовите 119 и 120 содржи речиси идентични одредби како и Законот за воздушна пловидба.

Според членот 122 став 1 од овој закон, одржување и техничка контрола на одржувањето на воздухоплов, мотор, елиса, падобран и опрема на воздухоплов може да врши, како и да изработува техничко-технолошка документација за одржувањето, правно лице кое ги исполнува условите пропишани од Агенцијата. Според ставот 2 на овој член, на правното лице кое ќе поднесе доказ дека ги исполнува условите од ставот 1 на овој член Агенцијата му издава уверение за работа.

Инаку, согласно член 7 од Законот, за вршење на работи-те од областа на воздухопловството утврдени со овој закон се основа Агенција за цивилно воздухопловство како самостоен орган на државната управа со својство на правно лице.

Од анализата на членот 122 од Законот за воздухопловството произлегува дека во него воопшто не се утврдени услови што треба да ги исполнува правното лице кое може да врши одржување и техничка контрола на одржувањето на воздухоплов, туку за разлика од поранешниот Закон за воздушна пловидба, целосно е препуштено тие да се уредат, односно пропишат со подзаконски пропис на Агенцијата за цивилно воздухопловство, како нов посебен орган на државната управа.

Според тоа, при состојба кога оспорениот правилник е донесен од министерот за транспорт и врски кој според сега важечката регулатива не е овластен да ги утврдува условите за вршење на одржување и техничка контрола на одржувањето на воздухоплов, туку за тоа е овластен друг орган, Судот оцени дека овој правилник не е во согласност со членот 122 став 1 од Законот за воздухопловството, а поврзано со тоа и со член 8 став 1 алинеја 3 и член 51 од Уставот.

Од друга страна, во состојба кога законодавецот воопшто не ги утврдил условите за вршење на дејноста - одржување и техничка контрола на одржувањето на воздухоплов, која во членот 14 став 1 точка 4 од Законот е утврдена како посебна дејност од областа на воздухопловството, произлегува дека во таква состојба оспорениот правилник не може да има третман на подзаконски акт што е во функција на операционализација и извршување на одделни законски одредби, со која цел и е донесен, туку на подзаконски акт со кој изворно се утврдени условите за вршење на оваа дејност, што не е дозволено.

Затоа, разгледувајќи го оспорениот правилник во контекст на наведеното, а притоа имајќи го предвид и досегашниот став на Судот според кој правата и условите за нивно остварување, како и за вршење на определена дејност може да се утврдуваат само со закон, а не и со акт на министерот или друг функционер што раководи со орган на државната управа (со чии акти, пак, може само да се разработуваат законски одредби заради нивно извршување, а не и да се утврдуваат права и обврски), Судот оцени дека оспорениот правилник, освен со наведените уставни одредби, не е во согласност и со принципот на поделбата на државната власт на законодавна, извршна и судска утврден во членот 8 став 1 алинеја 4 од Уставот, како и со членот 61 од Законот за организација и работа на органите на државната управа, во однос на кој со иницијативата се оспорува неговата законитост.

Ова дотолку повеќе што во конкретниот случај, а со оглед на содржината на оспорениот правилник, произлегува дека непосреден извор за остварување на правото за вршење на дејноста - одржување и техничка контрола на одржувањето на воздухоплов не е Законот за водздухопловството, туку меѓународниот стандард JAP - 145 на JAA кој што како правен акт на странски субјект целосно е преземен со овој правилник. Меѓународните стандарди, пак, не може да претставуваат непосреден извор на правото, како што се Уставот, законите и ратификуваните меѓународни договори што произлегува не само од Уставот, туку и од членот 3 на самиот закон во кој се уредува односот помеѓу меѓународните стандарди и подзаконските прописи предвидени со овој закон.

6. Врз основа на изнесеното Судот одлучи како во точката 1 од оваа одлука.

7. Оваа одлука Судот ја донесе со мнозинство гласови во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, Бранко Наумоски, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов.

У. бр. 65/2005
17 и 18 мај 2006 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Република
Македонија,
**Лилјана Ингилизова-Ристова**, с.р.

---

**980.**

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на членовите 110 и 112 од Уставот на Република Македонија и член 70 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 70/1992), на седницата одржана на 17 и 18 мај 2006 година, донесе

**О Д Л У К А**

1. СЕ УКИНУВААТ член 92 став 1, член 134 став 2 и 3, член 162 став 2 и 4, член 183 став 1 и 3, член 185 во делот "Социјалистичка", член 244 став 2 во делот "со општествените средства", член 277 став 1 во делот "на општествено - политичка заедница" и ставот 2 на овој член во делот "на здружен труд" од Законот за вонпроцесната постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр. 19/1979).

2. Оваа одлука произведува правно дејство од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

3. Уставниот суд на Република Македонија по иницијатива на Стамен Филипов од Скопје со Решение У. бр.110/2005 од 5 април 2006 година поведе постапка за оценување на уставноста на одредбите од Законот за вонпроцесната постапка означени во точката 1 од оваа одлука, затоа што основано се постави прашањето за нивната согласност со Уставот.

4. Судот на седницата утврди дека според член 1 од Законот за вонпроцесната постапка, со овој закон се утврдуваат правила на постапката според кои постапуваат редовните судови за личните, семејните, имотните и другите правни состојби и односи одредени со овој или со друг закон.

Судот на седницата, исто така, утврди дека овој закон е донесен во време на важењето на Уставот од 1974 година, односно кога Република Македонија беше во состав на поранешната СФРЈ и истиот досега не претрпел никакви изменувања и дополнувања во смисла на негово усогласување со Уставот од 1991 година.

Уставниот суд со Решение У.бр.18/1999 од 5 мај 1999 година, одлучувајќи по тогаш поднесена иницијатива, повел постапка за оценување на уставноста на членовите 35, 75 и 133 став 1 во деловите што се однесуваат на употребата на термините "СФРЈ" и "Социјалистичка", на членовите 79 став 1 и 2 и 283 во деловите што се однесуваат на употребата на термините "Службен лист на СФРЈ", на член 133 став 3 во делот "Социјалистичка" како и на членовите 127 став 2, 133 став 2 и 178 став 2 од Законот за вонпроцесната постапка ("Службен весник на СРМ" бр.19/1979), додека со истото решение не повел постапка за оценување на уставноста на останатите делови на членовите 35, 75 и 133 од Законот.

Со оглед на тоа што во меѓувреме, а и до денес се уште не е извршено усогласување на означениот закон со Уставот на Република Македонија од 1991 година, Судот со Одлука У.бр.18/1999 од 18 мај 2005 година ги укина членовите и делови од членовите за кои претходно беше поведена постапка за оценување на нивната уставност. Оваа одлука е објавена во "Службен весник на Република Македонија" бр.42/2005.

Постапувајќи по оваа иницијатива, со која се оспорува уставноста на Законот во целина, Судот утврди дека по укинувањето на наведените одредби со означената одлука на Судот терминот "Социјалистичка" покрај во членовите што се наведени во иницијативата се употребува и во членовите 92 став 1 и 134 став 2 и 3, додека во член 277 став 1 се употребува терминот "општествено - политичка заедница", а во ставот 2 на овој член, терминот "организација на здружен труд". Освен тоа, Судот утврди дека во членот 244 од Законот, чиј дел посебно се оспорува во иницијативата е предвидено дека во постапката за определување на надоместокот за експроприрана недвижност учесниците можат да се спогодат за видот и обемот, односно за висината на надоместокот во пари за експроприраната недвижност (став 1).

Спогодбата од ставот 1 на овој член судот ја внесува во својата одлука, ако таа не е во спротивност со задолжителните прописи за располагање со општествените средства (посебно оспорен дел) и со другите задолжителни прописи.

5. Во член 1 од Уставот, Република Македонија е дефинирана како суверена, самостојна, демократска и социјална држава и се утврдува дека суверенитетот на Република Македонија е неделив, неотуѓив и непреносив.

Согласно член 8 став 1 алинеите 3, 4 и 6 од Уставот, владеењето на правото, поделбата на државната власт на законодавна, извршна и судска и правната заштита на сопственоста се едни од темелните вредности на уставниот поредок на Република Македонија утврдени во овој член од Уставот.

Во членот 30 став 1 од Уставот се гарантира правото на сопственост, како едно од основните економски права утврдени со Уставот.

Во членот 50 став 1 од Уставот, кој е поместен во делот за гаранциите на основните слободи и права, утврдено е дека секој граѓанин може да се повика на заштита на слободите и правата утврдени со Уставот пред судовите и Уставниот суд на Република Македонија во постапка заснована врз начелата на приоритет и итност.

Разгледувајќи го оспорениот закон за вонпроцесна постапка во однос на наведените уставни одредби, во однос на кои и се оспорува неговата уставност, произлегува дека употребениот термин "Социјалистичка" во членовите 92 став 2, 134 став 2 и 3, 162 став 2 и 4, 183 став 1 и 3 и член 185 пред името на Републиката не е во согласност со карактерот и името на нашата држава утврдени во Уставот, со што директно се повредува член 1, а и другите членови од Уставот.

Термините "општествено-политичка заедница" и "организација на здружен труд" употребени во член 277 став 1 и 2 од Законот, исто така не се во согласност со основите на општествено-политичкиот и економски систем на Република Македонија воспоставен со Уставот од 1991 година.

Од тие причини, Судот оцени дека член 92 став 1, член 134 став 2 и 3, член 162 став 2 и 4, член 183 став 1 и 3 и член 185 во делот "Социјалистичка", како и член 277 став 1 во делот "на општествено-политичка заедница" и ставот 2 на овој член во делот "на здружен труд" од Законот не се во согласност со Уставот.

Со оглед на тоа што Уставот на Република Македонија од 1991 година воопшто не ја познава општествената сопственост која беше иманентна на претходниот систем на социјалистичкото општествено уредување на Републиката, поради што и со Уставниот закон за спроведување на Уставот е предвидена нејзина трансформација, Судот, исто така, оцени дека и членот 244 став 2 од Законот во делот "со општествените средства", а не во целиот оспорен дел, не е во согласност со Уставот.

6. Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 од оваа одлука.

7. Оваа одлука Судот ја донесе во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, Бранко Наумоски, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов.

У.бр.110/2005
17 и 18 мај 2006 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Република
Македонија,
**Лилјана Ингилизова-Ристова**, с.р.

---

**981.**

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 и 112 од Уставот на Република Македонија и член 70 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 18 мај 2006 година, донесе

## ОДЛУКА

1. СЕ УКИНУВА член 15 став 3, втората реченица, член 18 став 5 во делот "како и висината на надоместокот за добивање на овластување" и член 56 став 2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Македонија" бр.51/2005).

2. Оваа одлука произведува правно дејство од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

3. Уставниот суд на Република Македонија, по повод иницијатива поднесена од Стамен Филипов од Скопје, со Решение У.бр.158/2005 од 15 февруари 2006 година поведе постапка за оценување на уставноста на член 15 став 3, втората реченица, член 18 став 5 во делот "како и висината на надоместокот за добивање на овластување" и член 56 став 2 од Законот означен во точката 1 на оваа одлука, затоа што основано се постави прашањето за нивната согласност со одредбите на Уставот на Република Македонија.

4. Судот на седницата утврди дека според член 15 став 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање, за согледување на планските можности за планирање на просторот, односно изготвување на урбанистички планови освен детален урбанистички план, донесувачот на планот е должен да побара услови за планирање на просторот, од органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на просторното планирање, согласно со закон.

Согласно став 2 на истиот член, условите за планирање на просторот од ставот 1 на овој член се издаваат во рок од 30 дена од денот на поднесувањето на барањето. Во случај на постоење на објективни причини рокот може да се продолжи најмногу за уште 15 дена.

Согласно став 3 на истиот член, трошоците за издавање на условите од ставот 1 на овој член паѓаат на товар на барателот. Висината на овие трошоци ја пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на просторното планирање и тие не можат да бидат повисоки од реално направените трошоци.

Според член 18 став 1 од Законот, изработување на урбанистички планови вршат правни лица кои поседуваат лиценца добиена од Комората на овластени архитекти и овластени инженери, ако во редовен работен однос имаат вработено најмалку пет дипломирани инженери архитекти од кои најмалку еден со овластување за носител на изработка на урбанистички планови и други стручни лица за планирање на инфраструктурата со соодветно високо образование.

Согласно став 2 на истиот член, носител на изработување на урбанистички планови, односно планер, потписник на планската документација, може да биде дипломиран инженер архитект кој поседува овластување за вршење на оваа дејност.

Согласно став 3 на истиот член, за добивање овластување од ставот 2 на овој член лицето треба да има три години работно искуство во изработка на урбанистички планови, три референци од областа на урбанистичкото планирање и да ги знае прописите од оваа област. Овластување може да добие и лице кое има пет години искуство во спроведување на плановите, една година искуство во изработка на плановите, две референци од областа на урбанистичкото планирање и да ги знае прописите од оваа област. Овластување може да добие и лице со една година искуство во планирање или спроведување на плановите, со завршени постдипломски студии од областа на урбанистичкото планирање и да ги знае прописите од оваа област.

Согласно став 4 на истиот член, за добивање овластување од ставот 2 на овој член Комората формира комисија која проверува дали се исполнети условите за добивање овластување согласно со овој закон. Комисијата се состои од претседател и четири члена кои се со најмалку десет години работно искуство од областа на урбанистичкото планирање.

Согласно став 5 од истиот член, начинот и постапката за добивање на овластување од ставот 2 на овој член, содржината, начинот на издавање и одземање на овластувањето, како и висината на надоместокот за добивање на овластување, ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот. Овластувањето се издава за десет години и може да се продолжува по истекот на рокот, доколку имателот на овластувањето шест месеци пред истекот на рокот поднесе писмено барање до Комората. Правото за обновување на овластувањето носителот на изработката на плановите може да го загуби, доколку при изработката на плановите постапува спротивно на одредбите од овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон.

Според член 56 став 1 од Законот, трошоците направени за работите врзани за постапката на донесување на решението за локациски услови, паѓаат на товар на барателот.

Согласно став 2 на истиот член, висината на трошоците од ставот 1 на овој член ја пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот.

5. Според член 8 став 1 алинеја 3 и 4 од Уставот, владеењето на правото и поделбата на државната власт на законодавна, извршна и судска, се едни од темелните вредности на уставниот поредок на Република Македонија.

Согласно член 51 од Уставот, во Република Македонија законите мораат да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и со закон. Секој е должен да ги почитува Уставот и законите.

Според член 91 алинеја 1 од Уставот, Владата на Република Македонија ја утврдува политиката на извршувањето на законите, а според член 96 од Уставот, органите на државната управа работите од својата надлежност ги вршат самостојно врз основа и во рамките на Уставот и законите и за својата работа се одговорни на Владата.

Согласно член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа, министерот донесува правилници, наредби, упатства, планови, програми, решенија и други видови на акти за извршување на законите кога за тоа е овластен со закон. Според член 64 став 1 од овој закон, со актите кои ги донесува министерот не може за граѓаните и другите правни лица да се утврдуваат права и обврски, ниту да се пропишува надлежност на други органи.

Согласно член 116 став 1 од Законот за општата управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" број 38/2005), посебните издатоци во готови пари на органот што ја води постапката, како што се: патните трошоци на службените лица, издатоците за сведоци, вештаци, толкувачи, увид, огласи и слично, а кои настанале со спроведување на постапката по некоја управна работа, по правило ги поднесува оној што ја предизвикал целата постапка. Согласно член 117 став 1 од истиот закон, секоја странка по правило сама ги поднесува своите трошоци предизвикани со постапката, како што се трошоците за доаѓање, дангуба, издатоците за такси, за правно застапување, стручно помагање и друго. Согласно член 120 став 1 од истиот закон, во решението со кое се завршува постапката органот што го донесува решението определува кој ги поднесува трошоците на постапката, нивниот износ и на кого и во кој рок треба да му се платат.

Со член 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање, се предвидува дека со овој закон се уредуваат условите и начинот на системот на просторното и урбанистичкото планирање, видовите и содржината на плановите, изработувањето и постапката за донесување на плановите, спроведувањето на плановите и следењето на реализацијата на плановите, надзорот и други прашања од областа на просторното и урбанистичкото планирање.

Согласно член 3 од истиот закон, изработувањето, донесувањето и спроведувањето на Просторниот план на Република Македонија и на урбанистичките планови, се утврдени како работи од јавен интерес.

Со член 5 од истиот закон е утврдено значењето на одделни изрази употребени во овој закон, при што под "просторен план" се подразбира план за намена и користење на просторот на територијата на Републиката; под "урбанистички план" се подразбира план за уредување и користење на просторот во рамките на планскиот опфат на град, село или друго подрачје утврдено во планот, а под "услови за планирање на просторот" се подразбира извод од просторниот план во кој се наведени поблиските услови за изработка на плановите од пониско ниво.

Во член 5 став 2 на истиот закон е утврдено дека при спроведувањето на урбанистичките планови, се применуваат одредбите од Законот за општата управна постапка, доколку со овој закон поинаку не е уредено.

Со член 26 од истиот закон е утврдено дека Собранието на Република Македонија го донесува Просторниот план на Републиката, Советот на градот Скопје донесува генерален урбанистички план на градот Скопје, советите на општините во градот Скопје донесуваат детален урбанистички план, урбанистички план за село и урбанистички план надвор од населено место, советите на општините со седиште во град донесуваат генерален урбанистички план, детален урбанистички план, урбанистички план за село и урбанистички план надвор од населено место, а советите на општините во село донесуваат урбанистички план за село и урбанистички план надвор од населено место.

Имајќи ги предвид наведените законски одредби произлегува дека општината, како донесувач на урбанистичкиот план, согласно член 15 од Законот за просторно и урбанистичко планирање, е должна да побара услови за планирање на просторот, од органот на државната управа – министерството надлежно за вршење на работите од областа на просторното планирање, согласно со закон. Трошоците за издавање на бараните услови паѓаат на товар на барателот, односно општината. Висината на овие трошоци ја пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на просторното планирање и тие не можат да бидат повисоки од реално направените трошоци.

Од анализата на наведената законска одредба, како и од целината на Законот, произлегува дека во Законот за просторно и урбанистичко планирање нема поблиски критериуми за определување на висината на трошоците во постапката за издавање на бараните услови, ниту пак критериуми за тоа што се подразбира под реално направени трошоци во постапката.

И покрај тоа што не е спорно дека во постапката за издавање на бараните услови се применуваат одредбите на Законот за општата управна постапка, во чиј член 116 став 1 се утврдени видовите на трошоци што се признаваат во управната постапка (патни трошоци на службените лица, издатоците за сведоци, вештаци, толкувачи, увид, огласи и слично), според Судот и овој закон нема критериуми кои би претставувале законска рамка за министерот со подзаконски акт да ја пропише висината на трошоците во постапката, кои не можат да бидат поголеми од реалните трошоци.

Согласно членот 18 од Законот за просторно и урбанистичко планирање, Комората на овластени архитекти и овластени инженери формира комисија која има надлежност да врши проверка дали определено лице-дипломиран инженер архитект ги исполнува со закон пропишаните услови за добивање овластување за вршење дејност-носител на изработување урбанистички план, односно планер, потписник на планска документација. Комисијата се состои од претседател и четири члена кои се со најмалку десет години работно искуство во областа на урбанистичкото планирање. Начинот и постапката за добивање на наведеното овластување, формата, содржината, начинот на издавање и одземање на овластувањето, како и висината на надоместокот за добивање на овластувањето, ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот.

Од анализата на наведената одредба, како и од целината на Законот Судот констатира дека во Законот нема критериуми за определување на висината на надоместокот за добивање на овластувањето за вршење на дејноста.

Притоа, треба да се има предвид дека согласно членот 18 став 4 од Законот, Комората формира комисија која проверува дали се исполнети условите за добивање овластување согласно со овој закон. Законот го определува составот на комисијата, но нема одредби за определување на висината на надоместокот за ангажирање на членовите во комисијата, ниту пак одредби дека Комората го определува надоместокот за нивното ангажирање. При ваква состојба, од анализата на ставот 5 на истиот член, произлегува дека во висината на надоместокот за добивање на овластувањето која треба да ја пропише министерот, треба да биде земен предвид и надоместокот за ангажирање на членовите на комисијата, како дел од постапката без кој не може да се издаде овластувањето.

Судот утврди дека и одредбите на Законот за општата управна постапка кои се однесуваат на трошоците на постапката, а кои се применуваат и во постапката за издавање на овластувањето согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање, не се доволна рамка и основа за тоа министерот со свој акт да ја пропише висината на надоместокот за добивање на овластување за вршење дејност носител на изработување на урбанистички план.

Согласно член 5 од Законот за просторно и урбанистичко планирање, решението за локациски услови е дефинирано како управен акт со кој се уредуваат условите под кои може да се гради градба на една градежна парцела.

Согласно член 52 став 1 од истиот закон, решение за локациски услови за градби од локално значење утврдени со закон донесува градоначалникот на општината, а согласно став 2 од истиот член, решение за локациски услови за градби од значење за Републиката утврдени со закон донесува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот. Со ставот 3 на истиот член се утврдуваат потребните документи кои се поднесуваат со барањето за добивање решение за локациски услови. Со ставот 4 се разработува постапката за издавање на решението која ја спроведува надлежниот орган.

Со член 56 став 1 се утврдува дека трошоците направени за работите врзани за постапката за донесување на решението за локациски услови, паѓаат на товар на барателот. Согласно ставот 2 на истиот член, висината на трошоците направени во постапката за донесување на решението ја пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот.

Од содржината на наведените законски одредби, како и од целината на Законот за просторно и урбанистичко планирање, произлегува дека Законот нема параметри со кои поблиску би се определила висината на трошоците во постапката.

Судот, исто така утврди дека одредбите на Законот за општата управна постапка кои се применуваат и во постапката за издавање на овластувањето согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање, не се доволна рамка и основа за тоа министерот со свој акт да ја пропише висината на надоместокот за добивање на овластување за вршење дејност носител на изработување на урбанистички план.

Имајќи го предвид наведеното, Судот утврди дека овластувањето на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на просторното планирање со подзаконски акт да ја утврдува висината на трошоците во постапката за издавање на условите за планирање на просторот, односно овластувањето на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршењето на работите од областа на уредувањето на просторот со подзаконски акт да ја утврдува висината на надоместокот за добивање на овластување за вршење дејност-носител на изработка на урбанистички планови, односно

планер, потписник на планска документација, како и висината на трошоците направени за работите врзани за постапката на донесување на решение за локациски услови, немаат уставна основа.

Ваквата констатација Судот ја заснова врз фактот што ниту Законот за просторно и урбанистичко планирање, ни Законот за општата управна постапка не содржат критериуми и мерила за утврдување на висината на надоместокот, односно трошоците во постапката.

Наведените трошоци и надоместок, иако немаат карактер на јавна давачка во смисла на член 68 став 1 алинеја 3 од Уставот, според Судот утврдувањето на критериуми и мерила за определувањето на нивната конкретна висина претставува законска материја. Ова од причина што станува збор за утврдување на висината на трошоците кои паѓаат на товар на барателите, кои можат да бидат граѓани и правни лица, што пак од друга страна значи дека со определувањето на висината на трошоците со подзаконски акт донесен од страна на министерот, се пропишуваат права и обврски за граѓаните и правните лица спротивно на забраната утврдена во членот 61 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа.

Вака утврдените законски овластувања за министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на просторното планирање, односно за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот, да донесува прописи со кои се утврдуваат права и обврски за граѓаните и правните лица, без критериуми и рамка утврдени во закон, според Судот претставува навлегување на извршната во законодавната власт, иако постои нивна јасна уставна поделеност, односно претставува повреда на уставното начело на владеење на правото.

Од наведените причини, Судот утврди дека оспорените законски одредби не се во согласност со членот 8 став 1 алинеите 3 и 4, членот 51 и членот 96 од Уставот на Република Македонија.

6. Врз основа на изнесеното Судот одлучи како во точка 1 од оваа одлука.

7. Оваа одлука Судот ја донесе во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите: д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, Бранко Наумоски, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов.

У. бр. 158/2005 — Претседател
18 мај 2006 година — на Уставниот суд на Република
Скопје — Македонија,
**Лилјана Ингилизова-Ристова,** с.р.

---

**982.**

Врз основа на член 109 став 3 од Уставот на Република Македонија и член 7 став 1 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 70/1992), Уставниот суд на Република Македонија, на седницата одржана на 2 јуни 2006 година, донесе

## О Д Л У К А

1. За претседател на Уставниот суд на Република Македонија се избира Махмут Јусуфи, судија на Уставниот суд на Република Македонија.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Су.бр. 408/06 — Претседател
2 јуни 2006 година — на Уставниот суд на Република
Скопје — Македонија,
**Лилјана Ингилизова – Ристова,** с.р.

## РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**983.**

Врз основа на член 19 алинеја 4 од Законот за енергетика („Службен весник на РМ“ бр. 63/06), Регулаторната Комисија за енергетика на Република Македонија, на седницата одржана на 1-ви јуни 2006 година, донесе

## П Р А В И Л Н И К
## ЗА НАЧИН И УСЛОВИ ЗА РЕГУЛИРАЊЕ НА ЦЕНИ ЗА ГЕОТЕРМАЛНА ЕНЕРГИЈА

### I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој правилник се уредува начинот за формирање, одобрување и контрола на цените за производство, дистрибуција и снабдување со геотермална енергија.

Одредбите на овој Правилник се однесуваат на претпријатија кои вршат регулирани дејности од областа на геотермална енергија (во понатамошниот текст: Претпријатие).

Под регулирани дејности во смисла на став 2 од овој член се подразбираат производство, дистрибуција и снабдување со геотермална енергија за потрошувачи кои за сопствени потреби купуваат геотермална енергија по пропишан тарифен систем (во понатамошниот текст: тарифни потрошувачи).

Член 2

Производител на геотермална енергија (во понатамошниот текст: производител), во смисла на овој Правилник е претпријатие кое врши регулирана дејност производство на геотермална енергија наменета за тарифни потрошувачи.

Дистрибутер на геотермална енергија (во понатамошниот текст: дистрибутер), во смисла на овој Правилник е претпријатие кое врши регулирана дејност дистрибуција на геотермална енергија.

Снабдувач со геотермална енергија (во понатамошниот текст: снабдувач), во смисла на овој Правилник е претпријатие кое врши регулирана дејност снабдување, односно купување и продажба на геотермална енергија, врши отчитување, фактурирање и наплата за потрошената геотермална енергија и води грижа за исправноста на мерните уреди согласно Условите за снабдување со геотермална енергија.

Член 3

Снабдувачот со геотермална енергија склучува договор со секој поединечен потрошувач, во кој се дефинираат количината и просечната температура на испорачана геотермална енергија, како и периодот на испорака.

Во зависност од договорот од став 1 на овој член, периодот на испорака на геотермалната енергија може да биде во текот на целата календарска година.

Член 4

Регулирањето на цените за геотермалната енергија на начин и постапка утврдени со овој Правилник има цел да обезбеди:

- заштита од злоупотреба на доминантна и монополска положба на претпријатијата;
- заштита на корисниците на геотермална енергија и обезбедување на сигурно, континуирано и безбедно снабдување со геотермална енергија;
- услови за трајно и успешно работење на претпријатијата со определување на ниво на регулиран принос на капиталот;
- иден развој на претпријатијата преку регулирање засновано на мотивации за подобрување на продуктивноста и ефикасно работење;
- подобрување на квалитетот на услугите кои ги даваат претпријатијата;
- предуслови за одржлив развој и
- услови за примена на начелата на објективност, недискриминаторност и транспарентност во вршењето на регулираните дејности.

Член 5

При регулирањето на цените, се користи методологија врз основа на поттикнувачка ценовна регулатива со примена на метод на регулирана максимална цена.

Метод на регулирана максимална цена од став 1 од овој член, значи утврдување на цена која обезбедува доволен приход за покривање на оправданите трошоци за производство, дистрибуција и снабдување со геотермална енергија, како и да обезбеди ниво на регулиран принос на капиталот.

Член 6

Претпријатието е должно да побара од Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) одобрување на цена на геотермална енергија за регулираниот период.

Под регулиран период се подразбира периодот за кој со примена на методот од член 5 на овој Правилник се определува регулирана максимална цена за производство, дистрибуција и снабдување со геотермалната енергија.

Регулираниот период го утврдува Регулаторната комисија за енергетика.

Времетраењето на првиот регулиран период е од 01.08.2006 година до 31.12.2008 година.

Базна година за првиот регулиран период е 2005 година.

Член 7

Претпријатието кое врши две или повеќе регулирани дејности или покрај регулираната дејност врши и друга дејност, која во смисла на овој Правилник не се смета за регулирана дејност, должно е во своите интерни пресметки да води одвоена евиденција за секоја од дејностите, односно да изготви финансиски извештаи кои ќе обезбедат информации за средствата, обврските, капиталот, приходите и расходите со резултатите од работењето, како и паричните текови на претпријатието, во согласност со стандардите со кои се уредува сметководственото работење на претпријатието, како и консолидирани финансиски извештаи.

Член 8

Претпријатието е должно, во согласност со Законот за енергетика и овој Правилник, по барање на Регулаторната комисија за енергетика да доставува податоци и информации потребни за регулирање на цената и да овозможи увид во расположивата инвестиционо - техничка документација за проекти од областа на регулираната дејност.

Претпријатието е должно, најдоцна до 30 јуни во тековната година, до Регулаторната комисија за енергетика да достави Извештај од ревизија на годишната сметка и финансиските извештаи од претходната година.

## II. НАЧИН НА ПРЕСМЕТКА НА РЕГУЛИРАНА МАКСИМАЛНА ЦЕНА НА ГЕОТЕРМАЛНА ЕНЕРГИЈА

### 1. Производство, дистрибуција и снабдување со геотермална енергија

Член 9

Регулираната максимална цена за вршење на дејностите производство, дистрибуција и снабдување со геотермална енергија на претпријатието вршителот на овие дејности треба да ги покрие трошоците сврзани со производство, дистрибуцијата и снабдувањето со геотермална енергија, вклучувајќи ги и трошоците за концесискиот надомест за геотермална енергија, како и да обезбеди ниво на регулиран принос на капиталот, а се определува на начин и постапка утврдена со овој Правилник и со примена на методологијата дадена во Прилог 1 кој што е составен дел на овој Правилник.

Член 10

Секој потрошувач на геотермална енергија по правило треба да биде снабдуван со геотермална енергија преку мерен уред со кој задолжително се мери количината на испорачаната геотермална енергија.

Техничките загуби во дистрибутивната мрежа се признаваат до 10% од вкупната геотермална енергија испорачана од производителите во дистрибутивната мрежа.

Член 11

Надоместокот на трошоците за приклучување кон дистрибутивната мрежа, вклучувајќи го и мерното место, го плаќаат корисниците (производител и/или потрошувач) кои се приклучуваат кон дистрибутивната мрежа.

Одржувањето и работењето со средствата за приклучување ги врши вршителот на дејноста дистрибуција на геотермална енергија.

Одржувањето и периодична верификација на мерните уреди ги врши вршителот на дејноста снабдување со геотермална енергија.

## III. НАЧИН И ПОСТАПКА ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ НА БАРАЊЕ ЗА ОДОБРУВАЊЕ И КОНТРОЛА НА ЦЕНА

Член 12

Претпријатието од член 1 од овој Правилник должно е да поднесе барање до Регулаторната комисија за енергетика за одобрување на цена согласно овој Правилник (во понатамошниот текст: барање) во рок од 60 дена пред отпочнување на регулираниот период утврден во член 6 од овој Правилник.

Барањето од став 1 на овој член го доставува управителот или директорот на претпријатието, врз основа на одлука донесена од органот определен со статутот на претпријатието.

Кон барањето од став 1 на овој член треба да бидат доставени податоци од работењето на претпријатието, а особено:

- решение за упис во трговскиот регистар со сите прилози и статутот на претпријатието во оригинал или фотокопија заверена кај нотар;
- финансиски извештаи со сите прилози утврдени со меѓународните сметководствени стандарди и извештај од ревизија на финансиските извештаи извршена од страна на овластен ревизор, за претпријатието како правно лице;
- финансиско-сметководствени, техничко-економски и други податоци и информации, преку пополнување на табелите содржани во Прилог 2 кој што е составен дел од овој Правилник;
- други податоци кои се сметаат како релевантни за претпријатието (за технолошкиот циклус и сл.) како дополнување на поднесеното барање доставени по барање на претпријатието или по барање на Регулаторната комисија.

Кон барањето од став 1 на овој член претпријатието е должно да достави изјава за веродостојноста на барањето и податоците дадени во врска со него, потпишана од одговорното лице на претпријатието.

Содржината на изјавата е дадена во Прилог 3 кој што е составен дел на овој Правилник.

Барањето од став 1 на овој член и податоците од став 3 на овој член се доставуваат во два примероци, од кои барањето и податоците од став 3, алинеа 3 на овој член се доставуваат и во електронска форма.

Член 13

Постапката од член 12 на овој Правилник отпочнува со денот на приемот на барањето во архивата на Регулаторната комисија за енергетика.

Регулаторната комисија за енергетика е должна во рок од 10 дена од денот на приемот на барањето, да го разгледа барањето и да донесе заклучок за утврдување на комплетноста на барањето, кој што го доставува до претпријатието. Регулаторната комисија за енергетика може пред донесување на заклучокот да го повика претпријатието на заеднички состанок за дополнителни информации и појаснувања во врска со поднесеното барање.

Доколку со заклучокот од став 2 на овој член се бара докомплетирање на барањето, претпријатието е должно во рок од шест дена, од денот на приемот на заклучокот во неговата архива, во целост да постапи по заклучокот на Регулаторната комисија за енергетика.

По приемот на комплетираното барање од став 3 на овој член, Регулаторната комисија за енергетика во рок од три дена ќе донесе заклучок за комплетноста на барањето и за отпочнување на постапка за јавна расправа по барањето.

Доколку претпријатието не постапи во согласност со став 3 на овој член Регулаторната комисија за енергетика во рок од три дена ќе донесе решение со кое ќе го одбие барањето како некомплетно.

Член 14

Регулаторната комисија за енергетика, во рок од пет дена по донесувањето на заклучокот од член 13, став 2 односно став 4, на овој Правилник, го утврдува и го објавува текстот на барањето на веб страната на Регулаторната комисија за енергетика и на трошок на претпријатието го објавува во најмалку два дневни весници од кои најмалку во еден од весниците што се издаваат на македонски јазик и во весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик.

Во текстот што се објавува се содржани податоци од барањето и причините поради кои е поднесено барањето, начинот и рокот во кој заинтересираните физички и правни лица можат да достават мислење а кој што не може да биде подолг од 10 дена од денот на објавувањето, како и адресата на која се доставуваат мислењата.

Член 15

Регулаторната Комисија е должна во рок од три дена на барателот да му достави копии од доставените мислења и предлози во врска со објавениот текст на барањето од член 14 на овој Правилник.

Регулаторната комисија е должна во рок од пет дена од денот на истекот на рокот од член 14, став 2 на овој Правилник, но не подоцна од истекот на педдесетиот ден од денот на отпочнување на постапката, да свика подготвителна седница.

За присуство и учество во расправата на подготвителната седница се покануваат овластени претставници на заинтересираните претпријатија, инстутиции и организации.

Член 16

Регулаторната Комисија е должна најдоцна во рок од десет дена од завршувањето на подготвителната седница да одржи редовна седница на која ќе донесе одлука по барањето за одобрување на цена на топлинска енергија за регулиран период.

Одлуката донесена на седницата од став 1 на овој член, како и одлуките донесени во согласност со член 17 на овој Правилник задолжително се објавуваат во "Службен весник на Република Македонија".

Член 17

Регулаторната комисија врши редовна контрола на одобрената цена преку контрола на остварените трошоци за вршење на регулираната дејност, согласно Методологијата која е составен дел на овој Правилник, по истекот на првите шест месеци во календарската година и по истекот на календарската година.

Заради вршење на редовната контрола на одобрената цена по истекот на првите шест месеци во тековната регулирана година, претпријатието е должно најдоцна до 10 јули од тековната година до Регулаторната комисија да достави финансиско-сметководствени и техничко-економски податоци и информации согласно Прилог 2 на овој Правилник, кај кои се идентификувани промените во однос на претходно доставените податоци и информации, како и изјава за веродостојноста на доставените податоци и информации, согласно Прилог 3 на овој Правилник.

Заради вршење на редовна годишна контрола на одобрената цена на геотермална енергија за претходната регулирана година во регулираниот период, претпријатието е должно по истекот на календарската година а не подоцна од 10 јануари во тековната година, до Регулаторната комисија да достави финансиско-сметководствени и техничко-економски податоци и информации за работењето во претходната регулирана година, преку пополнување на табелите содржани во Прилог 2, кој што е составен дел на овој Правилник, како и изјава за веродостојноста на доставените податоци и информации, согласно Прилог 3 на овој Правилник.

Доколку Регулаторната комисија врз основа на податоците и информациите за остварувањата од став 2, односно став 3 на овој член, утврди дека постојат разлики помеѓу одобрените и остварените трошоци, ќе донесе одлука за корекција на одобрената цена за тековната регулирана година и преостанатиот регулиран период, во согласност со одредбите на овој Правилник.

По секоја редовна контрола извршена во согласност со овој член, Регулаторната комисија донесува одлука за цена на геотермалната енергија, во рок не подолг од 15 работни денови од денот на приемот во архивата на Регулаторната комисија на документацијата комплетирана согласно став 2, односно став 3 на овој член.

Член 18

Одредбите од Деловникот за работа на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, бр. 01-171/1 од 29.12.2003 година, соодветно се применуваат на организирањето и одржувањето на подготвителната седница и редовната седница на Регулаторната комисија.

## IV. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 19

Со денот на отпочнување на примена на овој Правилник, одредбите од Методологијата за формирање на цените за одделни видови енергија („Службен весник на РМ" бр. 43/98 и 8/01) престануваат да се применуваат на формирањето на цените на геотермалната енергија.

Член 20

Овој Правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 01-789/1
1 јуни 2006 година
Скопје

Претседател,
**Славе Ивановски**, с.р.

**ПРИЛОГ 1.**

**Методологија за пресметка на регулирана максимална цена за производство, дистрибуција и снабдување со геотермална енергија**

**1. *Приход врз основа на метод на регулирана максимална цена***

Приход врз основа на методот на регулирана максимална цена се пресметува според следната формула:

$$R_t = \sum_i \sum_j p_t^{ij} q_t^{ij}$$

каде што:

- $R_t$ - планиран приход; [денари]
- $p_t^{ij}$ - тарифен став за категорија на потрошувачи (j) со цена (i ), во годината (t ); [денари / m$^3$]
- $q_t^{ij}$ - планирана количина на геотермална вода за категорија на потрошувачи (j) со цена (i), во годината (t ); [m$^3$]

Границата на дозволениот пораст на цените по методот регулирана максимална цена се пресметува според следната формула:

$$(1 + CPI_t) * (1 - X) \geq \frac{\sum_i \sum_j p_t^{ij} q_{t-1}^{ij}}{\sum_i \sum_j p_{t-1}^{ij} q_{t-1}^{ij}}$$

каде што:

- $CPI_t$ - индекс на цени на мало;
- $X$ - фактор на ефикасност; [0÷1]
- $p^{ij}_t$ - тарифен став за категорија на потрошувачи (j) со цена (i ), во годината (t ); [денари/ m$^3$]
- $p^{ij}_{t-1}$ - тарифен став за категорија на потрошувачи (j) со цена (i ), во годината (t-1 ); [денари/ m$^3$]
- $q^{ij}_{t-1}$ - остварена количина на геотермална вода за категорија на потрошувачи (j) со цена (i), во годината (t-1 ); [m$^3$]

- ***Индекс на цени на мало (CPI)***

За определување на индексот на цени на мало *CPI* во релевантната година се користат официелни податоци објавени од Државниот завод за статистика.

- ***Фактор на ефикасност (X)***

Вредноста на факторот на ефикасност *X* се движи помеѓу 0÷1 и е во функција за:

- подобрување на ефикасноста која произлегува непосредно од постигнатите резултати на ефикасност (задача на споредбена анализа) и бараната брзина за прилагодување на ефикасноста, и
- израмнување на приходите, што се темели на постапка која ќе обезбедува такви идни приходи за обезбедување на очекуваниот приход за секоја година од регулираниот период кои се пропорционални на деловниот ризик.

Факторот на ефикасност *X* го определува Регулаторната комисија, при што во првата година на регулираниот период вредноста на факторот на ефикасност е еднаква на 0.

***2. Цена во базната година***

Цената за производство, дистрибуција и снабдување со геотермална енергија се изразува како цена на единица количина на испорачана геотермална вода и во базната година изнесува 20,72 денари/m$^3$ геотермална вода, а истата овозможува надоместување на:

- оперативни трошоци во базната година **( O )**
- реални технички загуби во базната година **( L )**
- амортизација на регулираните средства во базната година **( D )**
- даноци, придонеси и други давачки во базната година **( T )**
- принос на регулираните средства во базната година **( RA )**

***2.1. Оперативни трошоци ( O)***

Оперативните трошоци, согласно оваа методологија, се трошоци за работењето и одржувањето на регулираната дејност на претпријатието, во согласност со техничките стандарди кои се применуваат во Република Македонија, а ги одразуваат нормализираните трошоци за вршење на регулираната дејност.

Нивото на нормализираните трошоци се формира според следните ориентири:

1. концесиски надоместок за геотермална вода
2. трошоци за материјали, енергија, резервни делови и ситен инвентар, врз основа на нормативите за потрошувачка и просечните цени на пазарот во периодот на набавката;
3. трошоци за тековно одржување, ремонт и услуги за одржување на средствата, до ниво од 20 % од пресметаната годишна амортизација;
4. трошоци за осигурување на градежни објекти и опрема се признаваат согласно нивото на премиите за осигурување кои претпријатието ги платило;
5. бруто плати по работник до ниво на просечна бруто плата по работник остварена во стопанството на Република Македонија во тековната година, зголемена до 30%, како израз на квалификационата структура и сложеноста на регулираната дејност;
6. менаџерските плати и менаџерските награди, во нормализирани износи соодветно на зголемувањето на ефикасноста, а според одлуките на управните органи на претпријатието;
7. други услуги, до нивото од просечното тригодишно учество (%) во однос на трошоците за материјали, енергија, ситен инвентар (од ставката 1);
8. останати и вонредни (екцесни) трошоци, до 10% во однос на трошоците од ставките под 1; 2; 3,4 и 6.

***2.2. Технички загуби (L)***

Трошоците за техничките загуби во дистрибуција на геотермална вода се признаваат согласно член 10 од овој Правилник.

***2.3. Амортизација (D)***

Пресметката на амортизацијата на регулираните средства се врши во согласност со пропишаните минимални годишни стапки на амортизација дадени со важечките прописи.

***2.4. Даноци, придонеси и други давачки (T)***

Даноците, придонесите и другите давачки се признаваат во согласност со законските прописи.

***2.5. Принос од регулирани средства (RA)***

Приносот од регулираните средства се пресметува според формулата:

$$RA = RAB * WACC$$

каде што:

| | | |
|---|---|---|
| **RA** | - принос од регулираните средства; | [денари] |
| **RAB** | - просечна вредност на средствата со кои се врши регулираната дејност (регулирани средства); | [денари] |

***2.5.1. Просечна вредност на средствата со кои се врши регулираната дејност (регулирани средства - RAB)***

Регулираните средства се само оние средства кои се користат за извршување на регулираната дејност (основни средства и трајни обртни средства).

За определување на просечната вредност на регулираните средства се користи следната формула:

$$\mathrm{RAB} = \frac{RAB_{start} + RAB_{end}}{2}$$

каде што:

| | | |
|---|---|---|
| **RAB** | - просечна вредност на средствата со кои се врши регулираната дејност (регулирани средства); | [денари] |
| $RAB_{start}$ | - вредност на регулираните средства во почетокот на годината; | [денари] |
| $RAB_{end}$ | - вредност на регулираните средства на крајот на годината. | [денари] |

Вредноста на регулираните средства на почетокот на годината претставува збир на поединечните книговодствени вредности на регулираните материјални средства и регулираните нематеријални средства на првиот ден од годината.

Вредноста на регулираните средства на крајот на годината се пресметува по следната формула:

$$RAB_{end} = RAB_{start} + NI - Grant - D - RAB_{out}$$

каде што:

| | | |
|---|---|---|
| $RAB_{end}$ | - вредност на регулираните средства на крајот на годината; | [денари] |
| $RAB_{start}$ | - вредност на регулираните средства во почетокот на годината; | [денари] |
| **NI** | - нови инвестиции; | [денари] |
| **Grant** | - бесплатно добиени средства; | [денари] |
| **D** | - амортизација на регулираните средства; | [денари] |
| $RAB_{out}$ | - отуѓени и расходувани средства во годината. | [денари] |

***5.2. Пондерирана просечна цена на капитал (WACC)***

Пондерираната просечна цена на капиталот се пресметува според следната формула:

$$\mathrm{WACC} = \frac{E * K_e}{E + Debt} + \frac{Debt * K_d * (1 - T_p)}{E + Debt}$$

каде што:

| | | |
|---|---|---|
| **WACC** | - пондерирана просечна цена на капиталот; | |
| **E** | - сопствен капитал; | [денари] |
| $K_e$ | - цена на сопствен капитал; | |
| **Debt** | - долг; | [денари] |
| $K_d$ | - цена на долг; | |
| $T_p$ | - данок на добивка. | |

***5.3. Цена на сопствен капитал ($K_e$)***

Цената на сопствениот капитал се определува со примена на моделот на определување на цените на долгогодишните вложувања (CAPM – Capital Asset Pricing Model ), и тоа врз основа на приходот на неризични вложувања, просечниот приход на ризични вложувања и систематичните ризици изразени со коефициентот $\beta$, според следната формула:

$$K_e = R_f + (R_m - R_f) * \beta$$

каде што:

| | |
|---|---|
| $K_e$ | - цена на сопствен капитал; |
| $R_f$ | - приход на неризичните вложувања (% на очекуван приход на државни обврзници); |
| $R_m$ | - просечен приход на ризични вложувања (% на очекуван приход на пазарниот портфељ); |
| $(R_m - R_f)$ | - премија за пазарен ризик; |
| $\beta$ | - коефициент на варијабилноста на приносите на акциите на претпријатието во однос на просечниот варијабилитет на приносите од сите акции на пазарот; |
| $(R_m - R_f) * \beta$ | - премија за пазарниот ризик за сопствен капитал. |

Во првиот регулиран период вредноста на коефициентот на варијабилноста на приносите на акциите на претпријатието во однос на просечниот варијабилитет на приносите од сите акции на пазарот $\beta$ е еднаква на 1.

***5.4. Цена на долг ($K_d$)***

Цената на долгот на регулираното претпријатие се пресметува врз основа на просечните каматни стапки на користените инвестициони кредити, а контролата се врши врз основа на условите за кредитирање и каматните стапки, кои банките ги нудат на македонските регулирани претпријатија.

**ПРИЛОГ 2.**

**Табеларни прегледи за потребни податоци за регулирање на цени за топлинска енергија**

Табела 5

## ДИСТРИБУТИВНА МРЕЖА

**Книговодствена вредност на топловодни цевки со дијаметар и должина**

| | 2005 | | | 2006 | | | 2007 | | | 2008 | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Реден | Дијаметар | Должина | Книговодст. | Дијаметар | Должина | Книговодст. | Дијаметар | Должина | Книговодст. | Дијаметар | Должина | Книговодст. |
| број | на цевка | на цевка | вредност | на цевка | на цевка | вредност | на цевка | на цевка | вредност | на цевка | на цевка | вредност |
| | mm' | m' | денари | mm' | m' | денари | mm' | m' | денари | mm' | m' | денари |
| | 2 | 3 | 31.12.2005 | 2 | 3 | 31.12.2006 | 2 | 3 | 31.12.2007 | 2 | 3 | 31.12.2008 |
| | | | | | | | | | | | | |
| | 80 | | | 80 | | | 80 | | | 80 | | |
| | 125 | | | 125 | | | 125 | | | 125 | | |
| | 323 | | | 323 | | | 323 | | | 323 | | |
| | 350 | | | 350 | | | 350 | | | 350 | | |
| | 406 | | | 406 | | | 406 | | | 406 | | |
| | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | |

Пополнил ___________

Одобрил ___________

МП

Табела 6

**ВРЕДНОСТ НА ОПРЕМАТА КОЈА СЕ КОРИСТИ ЗА ВРШЕЊЕ РЕГУЛИРАНА ДЕЈНОСТ..............................**

**ПРЕТПРИЈАТИЕ:___________________________________**

| РЕДЕН БРОЈ | ИНВЕНТАРЕН БРОЈ | ПАРЧИЊА | НАЗИВ НА ОПРЕМАТА | ПРОИЗВОДИТЕЛ | ТИП / МОДЕЛ | ФАБРИЧКИ БРОЈ | ГОДИНА НА ПРОИЗВОДСТВО | ВРЕДНОСТ НА ДЕЛОВНОТО ОСНОВНО СРЕДСТВО НА ПОЧЕТОК НА ГОДИНАТА | ВАЖЕЧКА ЗАКОНСКА ГОДИШНА СТАПКА НА АМОРТИЗАЦИЈА | ВКУПНА ГОДИШНА АМОРТИЗАЦИЈА | ДОДАДЕНА НОВА ВРЕДНОСТ ПОРАДИ РЕМОНТ | ВРЕДНОСТ НА ДЕЛОВНОТО ОСНОВНО СРЕДСТВО НА КРАЈОТ НА ГОДИНАТА | РЕГУЛИРАНА ПРОСЕЧНА ВРЕДНОСТ НА ДЕЛОВНОТО ОСНОВНО СРЕДСТВО | РЕГУЛИРАНА ПРОСЕЧНА ВРЕДНОСТ НА ДЕЛОВНОТО ОСНОВНО СРЕДСТВО |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | | | | (9-11+12) | (9+13)/2 | |
| | | | | | | | | RABstart | | D | | RABend | RAB | RAB |
| | | | | | | | | Денари | % | Денари | Денари | Денари | Денари | Евра |
| 1. | 2. | 3. | 4. | 5. | 6. | 7. | 8. | 9. | 10. | 11. | 12. | 13. | 14. | 15. |
| | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | |
| ВКУПНО: | | | | | | | ВКУПНО: | | | | | | | |

**Напомена:**

Опремата може да се групира со заеднички опис, доколку нивната поединечна книговодствена вредност е помала од 300 ЕУР и имаат иста стапка на амортизација согласно Уредбата за пресметка на амортизација ( Службен весник на РМ бр. 64/02 и 98/02 ), и се со иста намена односно од ист вид.

При групирањето на опремата се искажува вкупниот број на опремата и вкупната книговодствена вредност

Пополнил ______________

Одобрил ______________

Датум ______________

М П

Табела 7

## ПРЕГЛЕД НА ТИПОВИ ПУМПИ

| Реден број | ПУМПА | | МОЌНОСТ | Вкупна МОЌНОСТ | Локација |
|---|---|---|---|---|---|
| | Тип | парчиња | kW | kW | |
| 1 | | | | | |
| 2 | | | | | |
| 3 | | | | | |
| 4 | | | | | |
| 5 | | | | | |
| 6 | | | | | |
| 7 | | | | | |
| 8 | | | | | |
| 9 | | | | | |
| 10 | | | | | |
| | ВКУПНО: | | | | |

## ПРЕГЛЕД НА ТОПЛИНСКИ ПОДСТАНИЦИ

| Реден број | Подстаница тип | Моќност kW | парчиња |
|---|---|---|---|
| 1 | | | |
| 2 | | | |
| 3 | | | |
| 4 | | | |
| 5 | | | |
| 6 | | | |
| 7 | | | |
| 8 | | | |
| 9 | | | |
| 10 | | | |
| 11 | | | |
| 12 | | | |
| 13 | | | |
| 14 | | | |
| 15 | | | |
| 16 | | | |
| 17 | | | |
| 18 | | | |
| 19 | | | |
| 20 | | | |
| ВКУПНО: | | | |

Пополнил: ____________________

Одобрил: ____________________

Датум: ____________________

МР

Табела8

**ВРЕДНОСТ НА ТРАНСПОРТНИ СРЕДСТВА ИЛИ МЕХАНИЗАЦИОНИ МАШИНИ КОИ СЕ КОРИСТАТ ЗА ВРШЕЊЕ РЕГУЛИРАНА ДЕЈНОСТ .............**

**ПРЕТПРИЈАТИЕ: ______________________**

| РЕДЕН БРОЈ | ИНВЕНТАРЕН БРОЈ | ПАРЧИЊА | НАЗИВ НА ТРАНСПОРТНОТО СРЕДСТВО ИЛИ МЕХАНИЗАЦИОНА МАШИНА | ПРОИЗВОДИТЕЛ | ТИП / МОДЕЛ | СООБРАЌАЈНА ДОЗВОЛА БРОЈ | РЕГИСТАРСКИ БРОЈ | БРОЈ НА ШАСИЈА | БРОЈ НА МОТОР | ГОДИНА НА ПРОИЗВОДСТВО | ВРЕДНОСТ НА ТРАНСПОРТНОТО СРЕДСТВО ИЛИ МЕХ. МАШИНА НА ПОЧЕТОК НА ГОДИНАТА | ВАЖЕЧКА ЗАКОНСКА ГОДИШНА СТАПКА НА АМОРТИЗАЦИЈА | ВКУПНА ГОДИШНА АМОРТИЗАЦИЈА | ДОДАДЕНА НОВА ВРЕДНОСТ ПОРАДИ ПОПРАВКИ ИЛИ РЕМОНТИ | ВРЕДНОСТ НА ТРАНСПОРТНОТО СРЕДСТВО ИЛИ МЕХ. МАШИНА НА КРАЈОТ НА ГОДИНАТА | РЕГУЛИРАНА ПРОСЕЧНА ВРЕДНОСТ НА ТРАНСПОРТНОТО СРЕДСТВО ИЛИ МЕХ. МАШИНА | РЕГУЛИРАНА ПРОСЕЧНА ВРЕДНОСТ НА ТРАНСПОРТНОТО СРЕДСТВО ИЛИ МЕХ. МАШИНА |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | | | | | | | (12-14+15) | ((12+16)/2) | |
| | | | | | | | | | | | RABstart | | D | | RABend | RAB | RAB |
| | | | | | | | | | | | Денари | % | Денари | Денари | Денари | Денари | Евра |
| 1. | 2. | 3. | 4. | 5. | 6. | 7. | 8. | 9. | 10. | 11. | 12. | 13. | 14. | 15. | 16. | 17. | 18. |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| ВКУПНО: | | | | | | | | | | ВКУПНО: | | | | | | | |

**Напомена:**

Да се приложат посебни табели за транспортните средства и посебни табели за механизационите машини

Пополнил ____________

Одобрил ____________

Датум ______________

МП

Табела 9

**ВРЕДНОСТ НА КАНЦЕЛАРИСКА ОПРЕМА КОЈА СЕ КОРИСТИ ЗА ВРШЕЊЕ РЕГУЛИРАНА ДЕЈНОСТ ......................**

**ПРЕТПРИЈАТИЕ: ______________________**

| РЕДЕН БРОЈ | ИНВЕНТАРЕН БРОЈ | ПАРЧИЊА | НАЗИВ НА ОПРЕМАТА | ПРОИЗВОДИТЕЛ | ТИП / МОДЕЛ | ФАБРИЧКИ БРОЈ | ГОДИНА НА ПРОИЗВОДСТВО | ВРЕДНОСТ НА КАНЦЕЛАРИСКАТА ОПРЕМА НА ПОЧЕТОК НА ГОДИНАТА | ВАЖЕЧКА ЗАКОНСКА ГОДИШНА СТАПКА НА АМОРТИЗАЦИЈА | ВКУПНА ГОДИШНА АМОРТИЗАЦИЈА | ДОДАДЕНА НОВА ВРЕДНОСТ ПОРАДИ ПОПРАВКИ | ВРЕДНОСТ НА КАНЦЕЛАРИСКАТА ОПРЕМА НА КРАЈОТ НА ГОДИНАТА | РЕГУЛИРАНА ПРОСЕЧНА ВРЕДНОСТ НА КАНЦЕЛАРИСКАТА ОПРЕМА | РЕГУЛИРАНА ПРОСЕЧНА ВРЕДНОСТ НА КАНЦЕЛАРИСКАТА ОПРЕМА |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | | | | (9-11+12) | ((9+13)/2) | |
| | | | | | | | | RABstart | | D | | RABend | RAB | RAB |
| | | | | | | | | Денари | % | Денари | Денари | Денари | Денари | Евра |
| 1. | 2. | 3. | 4. | 5. | 6. | 7. | 8. | 9. | 10. | 11. | 12. | 13. | 14. | 15. |
| | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | |
| ВКУПНО: | | | | | | | ВКУПНО: | | | | | | | |

**Напомена:**

Канцеларската опрема може да се групира со заеднички опис, доколку нејзината поединечна книговодствена вредност е помала од 300 ЕУР и имаат иста стапка на амортизација согласно Уредбата за пресметка на амортизација ( Службен весник на РМ бр. 64/02 и 98/02 ). и се со иста намена односно од ист вид.

При групирањето на канцеларската опрема се искажува вкупниот број на опремата и вкупната книговодствена вредност

Пополнил ____________

Одобрил ____________

Датум ______________

МП

Табела 10

**ВРЕДНОСТ НА КАНЦЕЛАРИСКИ МЕБЕЛ КОЈ СЕ КОРИСТИ ЗА ВРШЕЊЕ РЕГУЛИРАНА ДЕЈНОСТ .........................**

**ПРЕТПРИЈАТИЕ: ______________________**

| РЕДЕН БРОЈ | ИНВЕНТАРЕН БРОЈ | ПАРЧИЊА | НАЗИВ НА КАНЦЕЛАРИСКИОТ МЕБЕЛ | ПРОИЗВОДИТЕЛ | ТИП / МОДЕЛ | ДИМЕНЗИИ | ГОДИНА НА ПРОИЗВОДСТВО | ВРЕДНОСТ НА КАНЦЕЛАРИСКИОТ МЕБЕЛ НА ПОЧЕТОК НА ГОДИНАТА | ВАЖЕЧКА ЗАКОНСКА ГОДИШНА СТАПКА НА АМОРТИЗАЦИЈА | ВКУПНА ГОДИШНА АМОРТИЗАЦИЈА | ДОДАДЕНА НОВА ВРЕДНОСТ ПОРАДИ ПОПРАВКИ | ВРЕДНОСТ НА КАНЦЕЛАРИСКИОТ МЕБЕЛ НА КРАЈОТ НА ГОДИНАТА | РЕГУЛИРАНА ПРОСЕЧНА ВРЕДНОСТ НА КАНЦЕЛАРИСКИОТ МЕБЕЛ | РЕГУЛИРАНА ПРОСЕЧНА ВРЕДНОСТ НА КАНЦЕЛАРИСКИОТ МЕБЕЛ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | | | | (9-11+12) | ((9+13)/2) | |
| | | | | | | | | RABstart | | D | | RABend | RAB | RAB |
| | | | | | | | | Денари | % | Денари | Денари | Денари | Денари | Евра |
| 1. | 2. | 3. | 4. | 5. | 6. | 7. | 8. | 9. | 10. | 11. | 12. | 13. | 14. | 15. |
| | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | |
| ВКУПНО: | | | | | | | ВКУПНО: | | | | | | | |

**Напомена:**

Канцелариски мебел може да се групира со заеднички опис, доколку неговата поединечна книговодствена вредност е помала од 300 ЕУР и имаат иста стапка на амортизација согласно Уредбата за пресметка на амортизација ( Службен весник на РМ бр. 64/02 и 98/02 ). и се со иста намена односно од ист вид.

При групирањето на канцеларискиот мебел се искажува вкупниот број на мебелот и вкупната книговодствена вредност

Пополнил ____________

Одобрил ____________

Датум ______________

МП

**Табела 11**

**ПРЕГЛЕД НА ОТТУЃЕНИ, РАСХОДУВАНИ И ПОВЛЕЧЕНИ ОД УПОТРЕБА РЕГУЛИРАНИ СРЕДСТВА ЗА РЕГУЛИРАНА ДЕЈНОСТ ............................**

**ПРЕТПРИЈАТИЕ: ____________________________**

| Реден број | Опис | Базна година | Регулиран период | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | 2005 г. | 2006 г. | 2007 г. | 2008 г. |
| | **Материјални средства** | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | **Вкупно материјални средства** | | | | |
| | | | | | |
| | **Нематеријални средства** | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | **Вкупно нематеријални средства** | | | | |
| | **Вкупно материјални и нематеријални средства** | | | | |

**Пополнил______________**

**МП**

**Одобрил_______________**

Табела 12

**ПЛАНИРАНИ И РЕАЛИЗИРАНИ ИНВЕСТИЦИИ ЗА РЕГУЛИРАНАТА ДЕЈНОСТ .........................., ЗАКЛУЧНО СО 31.12.2005**

**ПРЕТПРИЈАТИЕ: ___________________________**

Во денари

| Реден број | Опис | Планирани инвестиции | | | | Реализирани инвестиции | | | | Разлика (предвиден-реализиран) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 2003 | 2004 | 2005 | Вкупно | 2003 | 2004 | 2005 | Вкупно | |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6=(3+4+5) | 7 | 8 | 9 | 10=(7+8+9) | 11=(6-10) |
| | Материјални средства | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | |
| | Вкуно материјални средства | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | |
| | Нематеријални средства | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | |
| | Вкупно нематеријални средства | | | | | | | | | |
| | Вкупно материјални и нематеријални ср | | | | | | | | | |

МП

Пополнил__________
Одобрил___________
Датум____________

Табела 13

**ИНВЕСТИЦИОНА ПРОГРАМА ЗА РЕГУЛИРАНА ДЕЈНОСТ......................., ВО РЕГУЛИРАНИОТ ПЕРИОД**

**ПРЕТПРИЈАТИЕ: ___________________________**

| Реден број | Опис | Кумулативен инвестиционен план | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 2006 | 2007 | 2008 | ....... | Година n | Вкупно |
| | Материјални средства | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | Вкупно материјални средства | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | Нематеријални средства | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | Вкупно нематеријални средства | | | | | | |
| | Вкупно материјални и нематеријални средства | | | | | | |

**Напомена:**
Потребно е да се даде вредноста на планираната инвестиција со динамика на реализација за целиот период и во EUR
Податоците да се дадат и полугодишно

Пополнил______________

МП

Одобрил______________

Датум______________

Табела 14

**ИНВЕСТИЦИОНЕН ПЛАН ЗА РЕГУЛИРАНА ДЕЈНОСТ ......................, ВО РЕГУЛИРАНИОТ ПЕРИОД**

**ПРЕТПРИЈАТИЕ: ___________________________**

| Реден број | Опис | Планирани инвестиции | | | | Реализирани инвестиции | | | | Разлика (предвиден-реализиран) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 2006 | 2007 | 2008 | Вкупно | 2006 | 2007 | 2008 | Вкупно | |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6=(3+4+5) | 7 | 8 | 9 | 10=(7+8+9) | 11=6-10 |
| | Материјални средства | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | |
| | Вкуно материјални средства | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | |
| | Нематеријални средства | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | |
| | Вкупно нематеријални средства | | | | | | | | | |
| | Вкупно материјални и нематеријални средства | | | | | | | | | |

**Напомена:**

Податоците да се дадат и во полугодишни прегледи

МП

Пополнил ________________

Одобрил _________________

Датум ___________________

Табела 15

**СПЕЦИФИКАЦИЈА НА ВКУПНИ ТРОШОЦИ ЗА ПОЕДИНЕЧНА ПЛАНИРАНА ИНВЕСТИЦИЈА ОД *Табела 12* ВО РЕГУЛИРАНИОТ ПЕРИОД**

**ПРЕТПРИЈАТИЕ: ___________________________**

| Реден бр. | ОПИС | Од каде се набавува | Вкупен Износ | | % |
|---|---|---|---|---|---|
| | | земја на потекло | Денари | ЕУР | |
| | | | | | |
| 1 | ГРАДЕЖНИ ОБЈЕКТИ | | | | |
| | Градежен објект: | | | | |
| | - фаза градежништво | | | | |
| | - фаза машинство | | | | |
| | - фаза електро | | | | |
| | - подготвителни и припремни работи | | | | |
| | -проекти | | | | |
| | -надзор | | | | |
| | | | | | |
| 2 | МАШИНСКА ОПРЕМА вградена во објектот (фаза машинство) | | | | |
| | -набавна (фабричка) цена | | | | |
| | -транспорт | | | | |
| | -царина | | | | |
| | -данок | | | | |
| | -монтажа | | | | |
| | -надзор | | | | |
| | | | | | |
| 3 | ЕЛЕКТРО ОПРЕМА вградена во објектот (фаза електро) | | | | |
| | -набавна (фабричка) цена | | | | |
| | -транспорт | | | | |
| | -царина | | | | |
| | -данок | | | | |
| | -монтажа | | | | |
| | -надзор | | | | |
| | | | | | |
| 4 | ОСТАНАТО (спецификација на останатите вложувања) | | | | |
| | - лиценци и патенти | | | | |
| | - инжинеринг и раководење на проектот | | | | |
| | - обука на кадар | | | | |
| | - изработка на проекти | | | | |
| | - интеркаларна камата | | | | |
| | - останати трошоци | | | | |
| | | | | | |
| | **ПЛАНИРАНИ ВКУПНИ ТРОШОЦИ ЗА ОСНОВНИ СРЕДСТВА** | | | | |
| | **Планирани средства за траен обртен капитал** | | | | |
| | **ВКУПНО ПОТРЕБНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА** | | | | |

МП

Пополнил________________
Одобрил_________________
Датум__________________

Табела 24

**ПЛАНИРАНА ФИНАНСИСКА СТАПКА НА РЕНТАБИЛНОСТ ОД РЕГУЛИРАНАТА ДЕЈНОСТ.................**

**ПРЕТПРИЈАТИЕ: ____________________**

| Р.бр.. | ОПИС | Базна година | Регулиран период | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
| 1 | Трошоци за регулираната дејност: | | | | |
| 2 | Основни средства | | | | |
| 3 | Обртни средства | | | | |
| 4 | Приход: | | | | |
| | Приходи од регулирана дејност | | | | |
| | Други оперативни приходи кои произлегуваат од регулираната дејност | | | | |
| 5 | Трошоци и Расходи за регулираната дејност (Оперативни Трошоци ) | | | | |
| 6 | Бруто Добивка од Работење | | | | |
| 7 | Нето добивка | | | | |
| | | | | | |
| 8 | ФИНАНСИСКА СТАПКА НА ПОВРАТОК | | | | |
| 9 | НЕТО СЕГАШНА ВРЕДНОСТ | | | | |
| 10 | ( Дисконтна стапка ) | | | | |

Пополнил__________
Одобрил__________
Датум__________

МП

Табела 25

**ПЛАНИРАН ГОТОВИНСКИОТ ТЕК ОД РЕГУЛИРАНАТА ДЕЈНОСТ .................**

**ПРЕТПРИЈАТИЕ: ____________________**

| Р.бр.. | ОПИС | Базна година | Регулиран период | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
| 1 | Нето добивка пред оданочување усогласена за: | | | | |
| | Амортизација | | | | |
| | Курсни разлики | | | | |
| | Расходи за камата | | | | |
| | Добивка од вложувања | | | | |
| | Усогласена нето добивка (оперативна добивка) | | | | |
| 2 | Нето парични текови од оперативни активности | | | | |
| 3 | Нето парични текови од вложувачки активности | | | | |
| 4 | Нето парични текови од финансиски активности | | | | |
| 5 | Нето зголемување(намалување) на паричните средства и еквиваленти на паричните средства | | | | |
| 6 | Парични средства и еквиваленти на парични средства на почетокот на периодот | | | | |
| 7 | Парични средства и еквиваленти на парични средства на крајот на периодот | | | | |
| 8 | Годишен паричен тек (прилив / одлив) | | | | |
| 9 | Кумулативен паричен тек (прилив / одлив) | | | | |

Пополнил__________
Одобрил__________
Датум__________

МП

Табела 26

**ФИНАНСИСКИ ПОКАЗАТЕЛИ ЗА РЕГУЛИРАНАТА ДЕЈНОСТ ..................., ВО РЕГУЛИРАНИОТ ПЕРИОД**

**ПРЕТПРИЈАТИЕ: ____________________**

| Р.бр.. | ОПИС | Базна година | Регулиран период | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
| А | **Ликвидност** | | | | |
| 1 | *Коефициент на тековна ликвидност:* | | | | |
| | Обртни средства (Обртен капитал) | | | | |
| | Тековна Пасива (Краткорочни обврски) | | | | |
| | **Обртни средства / Краткорочни обврски** | | | | |
| 2 | *Брз коефициент на ликвидност.* | | | | |
| | Обртни средства (Обртен капитал) | | | | |
| | Залихи | | | | |
| | Тековна Пасива (Краткорочни обврски) | | | | |
| | **(Обртни средства-Залихи) / Краткорочни обврски** | | | | |
| 3 | *Обрт на побарувањата* | | | | |
| | **Нето приходи од продажба / просечни побарувања од купувачите** | | | | |
| Б | **Профитабилност** | | | | |
| 1 | *Профитна маржа* | | | | |
| | **Нето добивка / нето приходи од продажба** | | | | |
| 2 | *Обрт на средствата* | | | | |
| | **Нето приходи од продажба / Просечен RAB** | | | | |
| 3 | *Поврат на средствата* | | | | |
| | **(Нето добивка + амортизација) / Просечен RAB** | | | | |
| 4 | *Поврат на главнината ( капиталот)* | | | | |
| | **Нето добивка / Акционерска главнина (капитал и разерви)** | | | | |
| В | **Долгорочна солвентност** | | | | |
| 1 | *Соодност на долг со главнината* | | | | |
| | **Вкупни обврски / акционерска главнина (капитал и резерви)** | | | | |
| 2 | *Коефициент на покриеност на каматата* | | | | |
| | **(Добивка пред оданочување + Расход за камати) / Расход за камати** | | | | |
| 3 | *Коефициент на покриеност на долгот* | | | | |
| | **(Нето приход+амортиз.+камата) / (ануитет-камата + отплата)** | | | | |
| 4 | *Учество на долговите во Вкупната Актива* | | | | |
| | **Долг / Вкупна Актива** | | | | |
| Г | **Проценка на адекватноста на паричните текови** | | | | |
| 1 | *Принос на паричните текови* | | | | |
| | **Нето парични текови од оперативни активности / Нето добивка** | | | | |
| 2 | *Соодност на парични текови со приходите од продажба* | | | | |
| | **Нето парични текови од оперативни активности / Нето приходи од продажба** | | | | |
| 3 | *Соодност на парични текови со средствата* | | | | |
| | **Нето парични текови од оперативни активности / Просечни вкупни средства** | | | | |
| | **Нето парични текови од оперативни активности / Просечни средства RAB** | | | | |
| 4 | *Слободен паричен тек* | | | | |
| | **Нето парични текови од оперативни активности - Дивиденди - Нето капитални издатоци** | | | | |
| Д | **Работење** | | | | |
| 1 | *Обрт на Залихите* | | | | |
| | Трошоци на Продажба | | | | |
| | Залихи | | | | |
| | **Трошоци на продажба / Залихи** | | | | |
| 2 | *Просечно време за наплата* | | | | |
| | Побарувања | | | | |
| | Приход | | | | |
| | **Побарувања / Приход изразен во денови** | | | | |
| 3 | *Обрт на Основните Средства* | | | | |
| | Приход | | | | |
| | Основни Средства | | | | |
| | **Приход / Основни средства** | | | | |
| 4 | *Обрт на Сите Средства* | | | | |
| | Приход | | | | |
| | Вкупно Средства | | | | |
| | **Приход / Вкупни средства** | | | | |

Пополнил__________
Одобрил__________
Датум__________

МП

## ПРИЛОГ 3.

**Изјава за веродостојноста на поднесените податоци од страна на претпријатието**

### И З Ј А В А

Од одговорното лице на претпријатието,

-------------------------------------------

подносител на барањето за одобрување на цена и приход

Изјавувам под кривична, материјална, и морална одговорност дека материјалните и финансиските податоци презентирани во прилог на барањето за одобрување на цена и потребен приход, доставени до Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, а кои се однесуваат на претпријатието, се точни и веродостојни и во целост одговараат на фактичката состојба на барателот.

Одговорно лице

Датум: __________ (Директор на претпријатието)

**984.**

Врз основа на член 84, став 11 од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија" бр. 63/06), Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, на седницата одржана на 1 јуни 2006 година, донесе

## П Р А В И Л Н И К
## ЗА УСЛОВИТЕ, НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА ЗА СТЕКУВАЊЕ И ПРЕСТАНУВАЊЕ НА СВОЈСТВОТО НА КВАЛИФИКУВАН ПОТРОШУВАЧ НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА

### I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

Член 1
**Предмет на уредување**

Со овој правилник се уредуваат условите, начинот и постапката за стекнување и престанување на својството на квалификуван потрошувач на електрична енергија, (во понатамошниот текст: квалификуван потрошувач) како и начинот на водење, одржување и објавување на листата на квалификувани потрошувачи на електрична енергија.

Член 2
**Примена на Правилникот**

Во согласност со одредбите од овој правилник, со својство на квалификуван потрошувач можат да се стекнат постојните тарифни потрошувачи на електрична енергија како и новите потрошувачи на електрична енергија (во понатамошниот текст: потрошувач), а кои што ги исполнуваат условите за стекнување на својство на квалификуван потрошувач утврдени во Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија" бр. 63/06), односно во соодветната одлука на Владата на Република Македонија донесена врз основа на член 84, став 2 од Законот за енергетика.

### II. ПОСТАПКА ЗА СТЕКНУВАЊЕ НА СВОЈСТВО НА КВАЛИФИКУВАН ПОТРОШУВАЧ

Член 3
**Барање за стекнување на својство на квалификуван потрошувач**

Барањето за стекнување на својство на квалификуван потрошувач (во понатамошниот текст: Барање) потрошувачот го доставува до Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) во писмена форма, потпишано од лицето овластено за застапување и претставување на барателот и заверено со печат на барателот и треба на јасен и недвосмислен начин да ги содржи намерите на барателот за стекнување на својство на квалификуван потрошувач.

Постојните тарифни потрошувачи на електрична енергија Барањето можат да го достават во било кој период од тековната година, но не подоцна од 30 септември од тековната година, а ќе се однесува за периодот од први јануари во наредната година.

Новите потрошувачи на електрична енергија кои што ги исполнуваат условите за стекнување на својство на квалификуван потрошувач, Барањето можат да го достават во било кој период од годината, а ќе се однесува за периодот утврден со решението од член 9 од овој правилник.

Кон Барањето барателот е должен да достави и:

- пополнет образец за Барање за стекнување на својство на квалификуван потрошувач заверен со потпис и печат на барателот (Образец БКП, содржан во Прилог 1 кој што е составен дел од овој правилник);
- потребна документација наведена во член 4 на овој правилник; и
- изјава за веродостојноста на Барањето и доставената документација, потпишана од лицето овластено за застапување и претставување на барателот, содржана во Прилог 2 кој што е составен дел на овој Правилник.

Еден примерок од Барањето од алинеа 1 и изјавата од алинеа 3 на став 4 на овој член се доставува и во електронска форма.

Пред поднесувањето на Барањето, барателот е должен да ги определи документите кои што се од доверлив карактер, во спротивно ќе се смета дека доставените документи не се од доверлив карактер.

Член 4
**Документи што се доставуваат кон Барањето**

Кон Барањето е потребно да се достават следниве документи:

1. решение за упис во трговскиот регистар со сите прилози (образец 1 до 7);
2. доказ дека го известил постојниот снабдувач на тарифни потрошувачи за намерата да отпочне постапка за стекнување на својство на квалификуван потрошувач;
3. важечка согласност, а за нови потрошувачи договор за приклучување на системот за пренос/дистрибуција на електрична енергија;
4. договор за испорака на електрична енергија со постојниот снабдувач на тарифни потрошувачи - за постојните тарифни потрошувачи;
5. потврда издадена од постојниот снабдувач на тарифни потрошувачи дека барателот нема финансиски долгови или доказ за договорно разрешување на долгувањето - за постојните тарифни потрошувачи; и
6. план за месечна и годишна потрошувачка на електрична енергија и моќност за наредната календарска година, потврдена со изјава потпишана од лицето овластено за застапување и претставување на барателот.

Документите од став 1 на овој член се доставуваат во еден примерок, во оригинал или во фотокопија заверена од нотар.

Член 5
**Отпочнување на постапката**

Постапката за стекнување на својство на квалификуван потрошувач отпочнува со денот на приемот на Барањето и потребните документи во архивата на Регулаторната комисија за енергетика.

Поднесеното Барање задолжително се заведува во деловодникот на Регулаторната комисија за енергетика и на подносителот му се издава потврда дека е примено барањето со заверена листа на примени документи.

Член 6
**Разгледување на барањето**

По добивањето на Барањето, Регулаторната комисија за енергетика утврдува дали е доставена потребната документација за стекнување на својство на квалификуван потрошувач како и тоа дали документацијата е доставена на пропишан начин и форма.

Регулаторната комисија за енергетика е должна во рок од три работни дена од денот на приемот на Барањето да донесе заклучок за тоа дали се исполнети условите од став 1 на овој член.

Еден примерок од заклучокот од став 2 од овој член, Регулаторната комисија за енергетика доставува до барателот.

Член 7
**Постапување со формалните недостатоци на барањето**

Ако Регулаторната комисија за енергетика утврди дека барањето има формални недостатоци, односно не се доставени потребните документи од член 3 и 4 и/или документите не се доставени на начин пропишан со овој правилник, ќе донесе заклучок со кој се утврдува дека барањето е нецелосно.

Во заклучокот од став 1 на овој член, Регулаторната комисија за енергетика ќе му укаже на барателот за формалните недостатоци и ќе му определи рок во кој треба да се отстранат утврдените недостатоци во барањето.

Рокот од став 2 на овој член не може да биде подолг од седум работни дена од денот на доставување на заклучокот.

Ако барателот не ги отстрани недостатоците во рокот определен во заклучокот од став 2 на овој член Регулаторната комисија за енергетика ќе донесе решение за отфрлање на барањето како нецелосно.

Член 8
**Постапување со уредно барање**

Ако Регулаторната комисија за енергетика утврди дека барањето нема формални недостатоци, ќе донесе заклучок за уредност на барањето и ќе закаже подготвителна седница која треба да се одржи во рок од седум работни дена од денот на донесување на заклучокот за уредност на барањето за стекнување на својство на квалификуван потрошувач.

За присуство на подготвителната седница по правило се повикуваат овластени претставници на:

- подносителот на барањето,
- снабдувачот со електрична енергија за тарифни потрошувачи на големо, односно снабдувачот со електрична енергија за тарифни потрошувачи на мало,
- операторот на електроенергетскиот систем,
- вршителот на енергетска дејност пренос на електрична енергија, односно вршителот на енергетска дејност управување со системот за дистрибуција на електрична енергија,
- операторот на пазарот на електрична енергија, и
- органот на државната управа надлежен за работите на енергетиката.

Член 9
**Решение за стекнување на својство на квалификуван потрошувач**

Регулаторната комисија за енергетика во рок од три работни дена од денот на завршувањето на подготвителната седница ќе одржи редовна седница на која ќе донесе решение во врска со барањето за стекнување на својство на квалификуван потрошувач.

Ако Регулаторната комисија за енергетика утврди дека не се исполнети условите за стекнување на својство на квалификуван потрошувач ќе донесе решение за одбивање на Барањето.

Ако Регулаторната комисија за енергетика утврди дека се исполнети условите, ќе донесе решение за стекнување на својство на квалификуван потрошувач.

Решението од став 3 на овој член, особено содржи податоци за квалификуваниот потрошувач како и податоци за приклучокот.

Решението од став 3 на овој член по правило се издава на неопределено време, а отпочнува да важи од првиот ден на наредната календарска година.

Решението од став 3 од овој член, Регулаторната комисија за енергетика е должна да го достави до операторот на пазарот на електрична енергија и да го објави во „Службен весник на Република Македонија" и на својата веб страница.

Член 10
**Примена на Деловникот за работа на Регулаторната комисија за енергетика**

Одредбите од Деловникот за работа на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, бр. 01-171/1 од 29.12.2003 година, соодветно се применуваат на организирањето и одржувањето на подготвителната седница и редовната седница на Регулаторната комисија за енергетика.

## III. ПОСТАПКА ЗА ПРЕСТАНУВАЊЕ НА СВОЈСТВОТО НА КВАЛИФИКУВАН ПОТРОШУВАЧ

Член 11
**Промена на својството на квалификуван потрошувач во својство на тарифен потрошувач**

Престанувањето на својството на квалификуван потрошувач се врши со промена на својството на квалификуван потрошувач во својство на тарифен потрошувач.

Квалификуваниот потрошувач кој има намера да го промени својството на квалификуван потрошувач во својство на тарифен потрошувач, е должен во писмена форма до Регулаторната комисија за енергетика да поднесе барање за промена на својството на квалификуван потрошувач во тарифен потрошувач.

Барањето за промена на својството на квалификуван потрошувач во тарифен потрошувач не може да се поднесе во истата календарска година во која потрошувачот се стекнал со својството на квалификуван потрошувач.

Барањето од став 2 на овој член се поднесува најдоцна до 30 септември од тековната календарска година, а ќе се однесува за периодот од први јануари во наредната година.

Без оглед на тоа кога е поднесено барањето од став 2 на овој член, својството на квалификуван потрошувач не може да престане пред истекот на календарската година во која е поднесено барањето.

Член 12
**Содржина на барањето за промена на својство на квалификуван потрошувач во својство на тарифен потрошувач**

Барањето за промена на својство на квалификуван потрошувач во својство на тарифен потрошувач треба да содржи:

1. копија од постоечкото решение за стекнување на својство на квалификуван потрошувач;
2. образложение зошто се бара промена на својство на квалификуван потрошувач во својство на тарифен потрошувач;
3. план за месечна и годишна потрошувачка на електрична енергија и моќност за наредната календарска година, потврдена со изјава потпишана од лицето овластено за застапување и претставување на барателот;
4. преддоговор за купување на електрична енергија и моќност со снабдувачот на тарифни потрошувачи;
5. образложена изјава од снабдувачот на тарифни потрошувачи дека промената на својството на квалификуван потрошувач нема да предизвика нарушување на сигурноста на снабдувањето на тарифните потрошувачи;
6. согласност издадена од производителот на електрична енергија и/или од трговецот со електрична енергија, во земјата и/или странство, за предвремено престанување на склучениот договор.

Регулаторната комисија за енергетика, со посебен заклучок може да определи да се достави дополнителна документација потребна за донесување на решение за промена на својство на квалификуван потрошувач во својство на тарифен потрошувач.

Член 13

**Постапка за промена на својство на квалификуван потрошувач во својство на тарифен потрошувач**

На постапката за промена на својство на квалификуван потрошувач во својство на тарифен потрошувач соодветно се применуваат одредбите од овој Правилник коишто се однесуваат на постапката за стекнување на својство на квалификуван потрошувач.

Регулаторната комисија за енергетика најдоцна десет работни дена од денот на приемот на барањето за промена на својство на квалификуван потрошувач ќе закаже подготвителна седница за разгледување на барањето за промена на својство на квалификуван потрошувач.

Регулаторната комисија за енергетика во рок од три работни дена од денот на завршувањето на подготвителната седница ќе одржи редовна седница на која ќе донесе решение во врска со барањето за промена на својство на квалификуван потрошувач.

До правосилноста на решението на Регулаторната комисија за енергетика за промена на својство на квалификуван потрошувач, квалификуваниот потрошувач ќе ги извршува своите права и обврски во согласност со важечкото решение.

Решението за промена на својството на квалификуван потрошувач се доставува до операторот на пазарот на електрична енергија.

Решението за промена на својството на квалификуван потрошувач Регулаторната комисија за енергетика го објавува во „Службен весник на Република Македонија" и на својата веб страница.

## IV. ЛИСТА НА КВАЛИФИКУВАНИ ПОТРОШУВАЧИ

Член 14

**Водење на листа на квалфикувани потрошувачи**

Регулаторната комисија за енергетика востановува, одржува и објавува Листа на квалфикувани потрошувачи во „Службен весник на Република Македонија" и на својата веб страница.

Листата од став 1 на овој член содржи податоци за:

- име, седиште, даночен број и матичен број на квалификуваниот потрошувач;
- број на решение, датум на издавање и датум на отпочнување на примена на решението; и
- категорија на потрошувачот според напонското ниво на приклучокот на соодветната мрежа.

Член 15

**Начин на водење на листата на квалификувани потрошувачи**

Листата на квалификувани потрошувачи се води на образец чија што содржина е дадена во Прилог 3 кој што е составен дел на овој правилник.

Кон секој податок запишан во образецот од став 1 од овој член се наведува и архивскиот број на документот кој се однесува на соодветниот податок.

## V. ЗАВРШНА ОДРЕДБА

Член 16

**Влегување во сила на Правилникот**

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 01 – 790/1
1 јуни 2006 година
Скопје

Претседател,
**Славе Ивановски**, с.р.

**ПРИЛОГ 1**

**ОБРАЗЕЦ ЗА БАРАЊЕ ЗА СТЕКНУВАЊЕ НА СВОЈСТВО НА КВАЛИФИКУВАН ПОТРОШУВАЧ**

Образец - БКП

| Регулаторна комисија за енергетика | **БАРАЊЕ ЗА СТЕКНУВАЊЕ НА СВОЈСТВО НА КВАЛИФИКУВАН ПОТРОШУВАЧ** | Република Македонија |
|---|---|---|

| Име и адреса на Барателот | Приемен печат на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија |
|---|---|
| Лице определено за контакт од Барателот<br>Име и презиме:<br>Адреса:<br>Телефон:<br>Факс:<br>Е-пошта (e-mail): | |

ОПШТИ УПАТСТВА :

- Барањето за стекнување на својство на квалификуван потрошувач се пополнува електронски на компјутер, на машина за пишување или со сино пенкало;
- Сите глави од Барањето за стекнување на својство на квалификуван потрошувач треба да бидат пополнети од страна на барателот и заедно со потребната документација треба да се поднесат до Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија;
- Доколку Барањето за за стекнување на својство на квалификуван потрошувач го пополнувате на компјутер, одговорите впишете ги во сивите полиња и квадрати. (Движењето по полињата се прави со притискање на Tab ⇆ командата од тастатурата или со притискање на курсорот, односно со двоен клик за пополнување на квадратите).

**I. ОПШТИ ПОДАТОЦИ ЗА БАРАТЕЛОТ**

| 1. Име на Барателот (фирма) | 1.1 Скратен назив (фирма) на Барателот |
|---|---|
| | |
| 2. Седиште на Барателот | |
| Улица:<br>Број:<br>Општина:<br>Место:<br>Држава: | Телефон:<br>Телефакс:<br>Е-пошта (e-mail): |

3. Форма на организација на Барателот

☐ Трговец - поединец
☐ Јавно трговско друштво
☐ Командитно друштво
☐ Командитно друштво со акции
☐ ДОО/ДООЕЛ
☐ Акционерско друштво
☐ Стопанска интересна заедница
☐ Подружница на странски субјект

4. Број на деловниот субјект - Барателот

☐☐☐☐☐☐☐

5. Број на регистарска влошка

☐☐☐☐☐☐☐☐ ? - ☐☐ - ☐☐ - ☐☐☐

6. Единствен даночен број (ЕДБ)

☐☐☐☐☐☐☐☐☐☐☐☐☐

7. Датум на упис/регистрација

8. Број на решение на упис/регистрација

9. Назив на судот/органот кој го извршил уписот

10. Претежна дејност (шифра и назив)

11. Лица овластени за застапување, орган на управување и орган на надзор (за странските лица број на пасош или лична карта или друга исправа за утврдување на идентитет - важечка во нивната земја или регистарски број за правното лице).

Презиме: Име:

ЕМБГ: ☐☐☐☐☐☐☐☐☐☐☐☐☐

Државјанство:

11.1 Својство

11.2 Адреса

| Улица:<br>Број:<br>Општина:<br>Место:<br>Држава: | Телефон:<br>Телефакс:<br>Е-пошта (e-mail): |
|---|---|

**II. ПОДАТОЦИ ЗА ПРЕТХОДНИТЕ ДЕЛОВНИ АКТИВНОСТИ НА БАРАТЕЛОТ**

1. Дали прв пат поднесувате барање за стекнување на својство на квалификуван потрошувач?

ДА ☐ НЕ ☐

2. Дали претходно сте имале склучен договор за купување на електрична енергија и моќност?

ДА ☐ НЕ ☐

Ако ДА, наведете го претпријатието со кое е склучен договорот, временскиот период на траење на договорот и количината на договорената електрична енергија и моќност (за секој договор поодделно).

**ПРИЛОГ 2**

### ИЗЈАВА ЗА ВЕРОДОСТОЈНОСТА НА ПОДНЕСЕНИТЕ ПОДАТОЦИ И ДОКУМЕНТАЦИЈА ОД СТРАНА НА ОДГОВОРНИТЕ ЛИЦА ВО ПРЕТПРИЈАТИЕТО

**1. Јас долу потпишаниот, изјавувам под кривична, материјална, и морална одговорност дека податоците презентирани во прилог на барањето за стекнување на својство на квалификуван потрошувач, доставени до Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, а кои се однесуваат на претпријатието, се точни и веродостојни и во целост одговараат на фактичката состојба на барателот.**

| | |
|---|---|
| **Име на претпријатието:** | |

| | Име и презиме | Потпис |
|---|---|---|
| Одговорно лице (Директор на претпријатието) | | |

**Датум:** **Место:**

**М.П**

**Потпис на одговорното лице:**

**ПРИЛОГ 3**

**Образец за водење на листа на квалификувани потрошувачи**

**Образец - ЛКП**

**ОБРАЗЕЦ ЗА ВОДЕЊЕ НА ЛИСТА НА КВАЛИФИКУВАНИ ПОТРОШУВАЧИ**

| Име на квалификуваниот потрошувач | Седиште на квалификуваниот потрошувач | Даночен број на квалификуваниот потрошувач | Матичен број на квалификуваниот потрошувач | Број и датум на издавање на решение | Датум на отпочнување на важење на решението | Категорија на потрошувачот според напонското ниво на приклучокот на соодветната мрежа | Забелешка (број и датум на решение за промена на својство на квалификуван потрошувач) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |

## АГЕНЦИЈА ЗА ДРЖАВНИ СЛУЖБЕНИЦИ

**74.**

Врз основа на член 73-а од Законот за државни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/2000, 112/2000, 34/2001, 103/2001, 43/2002, 98/2002, 17/2003, 40/2003, 85/2003, 17/2004, 69/2004, 81/2005 и 61/2006), директорот на Агенцијата за државни службеници донесе

## П Р А В И Л Н И К ЗА НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА ДИСЦИПЛИНСКАТА ПОСТАПКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ДИСЦИПЛИНСКИ ПРЕСТАП

### I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој правилник се уредува начинот на водење на дисциплинската постапка за утврдување на одговорноста на државните службеници за повредите на службената должност кои претставуваат дисциплински престап.

Член 2

На државниот службеник може да му се изрече дисциплинска мерка за повреда на службената должност која претставува дисциплински престап само во постапка утврдена со Законот за државните службеници и овој правилник.

### II. КОМИСИЈА ЗА ВОДЕЊЕ НА ДИСЦИПЛИНСКА ПОСТАПКА ЗА ДИСЦИПЛИНСКИ ПРЕСТАП

Член 3

(1) За утврдување на повредите на службената должност, како и за утврдување на одговорноста и изрекување на мерките за тие повреди секретарот, односно функционерот кој раководи со органот во кој не се именува секретар, формира Комисија за водење на дисциплинска постапка за дисциплински престап (во натамошниот текст: Комисија), за секоја постапка одделно.

(2) Раководниот државен службеник од органот од член 3 став (2) од Законот за државните службеници, каде што се води дисциплинската постапка по правило е претседател на Комисијата.

(3) Комисијата има записничар, кој го определува претседателот на Комисијата, од редот на вработените од органот од член 3 став (2) од Законот за државните службеници, каде што се води дисциплинската постапка, без право на глас.

Член 4

(1) Комисијата од член 3 на овој правилник работи во полн состав, а одлуката ја донесува со мнозинство гласови.

### III. НАЧИН НА ВОДЕЊЕ НА ДИСЦИПЛИНСКАТА ПОСТАПКА ЗА ДИСЦИПЛИНСКИ ПРЕСТАП

**Покренување и водење на дисциплинската постапка**

Член 5

(1) Дисциплинската постапка против државниот службеник се покренува по предлог на непосредно претпоставениот раководен државен службеник.

(2) По исклучок, доколку државниот службеник нема непосредно претпоставен раководен државен службеник или доколку непосредно претпоставениот раководен државен службеник е отсутен подолго време, поради болест или други оправдани причини, предлогот за поведување дисциплинска постапка го поднесува непосредно повисокиот раководен службеник, односно секретарот, односно функционерот кој раководи со органот.

Член 6

Предлогот за покренување на дисциплинска постапка содржи:

1. име и презиме на државниот службеник;
2. опис на на повредата на службената должност и на околностите под кои таа е сторена, како и времето и местото на извршување на повредата;
3. законскиот основ за покренување;
4. докази за постоење на повредата;
5. датум и потпис.

Член 7

(1) Предлогот за покренување на дисциплинска постапка, се доставува до секретарот, односно функционерот кој раководи со органот во кој не се именува секретар.

(2) Секретарот, односно функционерот кој раководи со органот во кој не се именува секретар, донесува решение за формирање на Комисија, кое заедно со предлогот за покренување на дисциплинската постапка, го доставува до претседателот и членовите на Комисијата.

(3) Комисијата, го доставува на одговор предлогот за покренување на дисциплинската постапка до државниот службеник и до синдикалната организација, чиј член е државниот службеник.

(4) Државниот службеник и синдикалната организација, го доставуваат одговорот на предлогот за покренување на дисциплинската постапка до Комисијата.

(5) За дисциплинските престапи од член 68 став 1 точки 18 и 19 од Законот за државните службеници, Комисијата се формира во рок од 48 часа од денот на поднесување на предлогот за покренување на дисциплинска постапка, решението за формирање и предлогот за покренување на дисциплинската постапка се доставува до претседателот и членовите на Комисијата во рок од 48 часа, Комисијата го доставува на одговор предлогот во нареден рок од 48 часа, а државниот службеник и синдикалната организација чиј член е, доставуваат одговор до Комисијата во рок од 72 часа.

Член 8

Државниот службеник има право да биде застапуван во дисциплинската постапка, од лице кое тој ќе го овласти да го застапува.

Член 9

(1) Претседателот на комисијата, закажува расправа на која ги повикува: државниот службеник кој ја сторил повредата и неговиот застапник доколку го има, подносителот на предлогот за покренување на дисциплинската постапка, сведоците, претставникот на синдикатот, а по потреба и други лица.

(2) Поканата за расправа се доставува најдоцна 5 дена пред почетокот на расправата, до сите повикани учесници од став (1) на овој член.

(3) За дисциплинските престапи од член 68 став 1 точки 18 и 19 од Законот за државните службеници, поканата за учество се доставува најдоцна 48 часа пред почетокот на расправата.

Член 10

(1) Поканата за расправа содржи:
- име и презиме на лицето кое се повикува;
- времето и место на одржување на расправата;
- причината за повикување; и
- својство во кое се повикува лицето во постапката.

(2) Поканата за расправа се доставува лично на државниот службеник, по правило во работните простории на органот од член 3 став (2) од Законот за државните службеници, во кој државниот службеник работи, односно на адреса на живеалиштето, односно престојувалиштето од кое државниот службеник секојдневно доаѓа на работа.

Член 11

(1) Пред почетокот на расправата, претседателот на Комисијата утврдува дали се присутни сите повикани лица и го проверува нивниот идентитет.

(2) Расправата може да се одржи во отсуство на државниот службеник и неговиот застапник доколку уредно биле повикани, а отсуствуваат од неоправдани причини.

**Тек на главна расправа**

Член 12

(1) Кога се исполнети условите за одржување на расправата, претседателот на Комисијата, го објавува предметот на постапката и ја отвара расправата.

(2) Претседателот им дава збор на:
- подносителот на предлогот за покренување на дисциплинската постапка,
- државниот службеник или неговиот застапник,
- сведоците, вештите лица и другите учесници во постапката.

(3) Претседателот и членовите на Комисијата може да поставуваат прашања и да бараат објаснувања.

(4) Претседателот ги објавува заклучоците на Комисијата за одржувањето или одложувањето на расправата и се грижи за правилно водењето на записникот од расправата.

**Докази и изведување на докази**

Член 13

(1) По изјаснувањето на државниот службеник, Комисијата пристапува кон изведување на предложените докази.

(2) Доказите се изведуваат со читање писмени извештаи, информации, изјави и други исправи или со сослушување на сведоците, а кога е тоа потребно се одредува и вештачење. На расправата можат да се изнесат и дополнителни докази.

(3) При изведувањето на доказите Комисијата се води од начелото на слободна оценка на доказите.

(4) Кога сведокот или вештите лица ќе бидат испрашани од претседателот и од членовите на Комисијата, прашања може да поставуваат и подносителот на предлогот, државниот службеник или неговиот застапник.

Член 14

Во текот на постапката пред Комисијата, се бара и мислењето на основната синдикална организација на мнозинскиот синдикат на органот, доколку државниот службеник е негов член.

**Завршни зборови**

Член 15

(1) По изведување на сите предложени докази и утврдување на фактите, претседателот на Комисијата ги повикува, редоследно, подносителот на предлогот за покренување на дисциплинската постапка, државниот службеник против кој се води постапката и неговиот бранител, доколку го има, да се обратат на Комисијата со завршни зборови, со кои се резимираат правните и фактичките аспекти на предметот, а потоа објавува дека расправата е завршена.

(2) Расправата, по правило завршува во истиот ден кога е и започната.

(3) По завршување на расправата, Комисијата пристапува кон советување и гласање по што на секретарот, односно функционерот кој раководи со органот во кој не се именува секретар, му предлага дисциплинска мерка, односно да го отфрли предлогот, односно да ја запре постапката.

**Прекин на постапката**

Член 16

(1) Постапката се прекинува, кога:

- некој од учесниците во расправата се наоѓа на подрачје кое поради поплави, други непогоди и слично е отсечено од местото на одржување на расправата;

- државниот службеник против кого е поведена дисциплинска постапка се разболел непосредно пред или додека трае дисциплинската постапка, што се докажува со отворено боледување од матичен лекар;

- Комисијата ќе одлучи да решава за некое претходно прашање или ќе побара од надлежен орган да и достави веродостојни исправи и информации, за чие изготвување е потребно подолго време.

(2) За прекинот и продолжувањето на постапката Комисијата донесува посебен заклучок против кој не е дозволена жалба.

Член 17

(1) Прекинот на постапката има за последица да престанат да течат сите рокови определени за вршење на дејствијата во дисциплинската постапка.

(2) За време на траењето на прекинот на постапката, Комисијата не може да превзема никакви дејствија во постапката, освен ако прекинот настанал по заклучувањето на главната расправа, во кој случај Комисијата може, врз основа на таа расправа, да предложи изрекување на дисциплинска мерка.

(3) Дејствијата што ги превзеле учесниците во постапката додека трае прекинот на постапката немаат никакво правно дејство. Нивното дејство почнува откако постапката ќе продолжи.

Член 18

(1) Постапката што е прекината од причините во членот 16 став 1 на овој правилник ќе продолжи кога ќе престанат причините за прекинот.

(2) Роковите што поради прекинот на постапката престанале да течат, почнуваат да течат одново од денот кога комисијата ќе го донесе решение за продолжување на постапката.

**Записник за текот на расправата**

Член 19

(1) За дејствијата преземени на расправата, записничарот води записник.

(2) Записникот содржи податоци за: составот на комисијата, записничарот, местото и времето на одржувањето на расправата, подносителот на предлогот за покренување дисциплинска постапка, државниот службеник и неговиот застапник, доколку го има, законскиот основ за дисциплинскиот престап, битната содржина на исказите на државниот службеник, сведоците и вештите лица доколку се повикани и доказите кои се изведени.

(3) Записникот го потпишуваат: претседателот, членовите на комисијата и записничарот, подносителот на предлогот за покренување дисциплинска постапка и државниот службеник против кој е поведена дисциплинската постапка, односно неговиот застапник.

(4) Доколку подносителот на предлогот за покренување дисциплинска постапка или државниот службеник, односно неговиот застапник одбијат да го потпишат записникот, ќе се внесат причините за одбивањето.

(5) Примерок од записникот му се предава на подносителот на предлогот за поведување на дисциплинската постапка и на државниот службеник, односно неговиот застапник.

**Одлучување на комисијата**

Член 20

(1) Доколку Комисијата констатира дека државниот службеник не направил повреда на службената должност, му доставува на секретарот, односно функционерот кој раководи со органот во кој не се именува секретар, образложен предлог да го отфрли предлогот за покренување на постапката, односно истата да ја запре.

(2) Комисијата доставува образложен предлог за отфрлање на предлогот за покренување на постапката кога предлогот е недопуштен, ненавремен и поднесен од неовластено лице.

(3) Комисијата доставува образложен предлог за запирање на постапката кога предлагачот ќе го повлече предлогот за покренување на дисциплинската постапка.

Член 21

(1) Доколку Комисијата констатира дека државниот службеник направил повреда на службената должност и дека е одговорен за направената повреда, му доставува на секретарот, односно функционерот кој раководи со органот во кој не се именува секретар, образложен предлог за соодветна дисциплинска мерка.

(2) Предлогот од ставот 1 на овој член содржи:

- вовед, во кој се наведува: составот на Комисијата , подносителот и бројот на предлогот и законскиот основ за покренување на дисциплинската постапка;

- изрека, во која се наведува предлогот за изречената дисциплинска мерка, краткиот опис на повредата за која државниот службеник е одговорен и законскиот основ за нејзиното предлагање;

- образложение, во кое се наведува кои факти и кои докази се утврдени, оценката на изведените докази и околности кои се земени во предвид при предлагањето на мерката и

- деловоден број и потпис на претседателот и членовите на Комисијата.

Член 22

(1) За советувањето и гласањето на Комисијата се составува посебен записник.

(2) Записникот за советувањето и гласањето содржи податоци за: составот на комисијата, записничарот, местото и времето на одржувањето на советувањето, текот на гласањето и предлогот на мерката, изречена од комисијата.

(3) Издвоените мислења, доколку ги има, се приклучуваат кон записникот за советувањето и гласањето, ако не се внесени во самиот записник.

(4) Записникот за советување и гласање го потпишуваат сите членови на Комисијата и записничарот.

(5) Записникот за советувањето и гласањето ќе се затвори во посебна обвивка. Овој записник може да го разгледа само Комисијата на Агенцијата за државни службеници за решавање во втор степен по жалби на државните службеници кога решава за правен лек, и во тој случај записникот повторно ќе се затвори во посебна обвивка и на обвивката ќе се назначи дека записникот е разгледан.

**Донесување на решение за изрекување дисциплинска мерка**

Член 23

Решението за изрекување дисциплинска мерка содржи:

- вовед, во кој се наведува кој и кога го донел решението, по повод чија одговорност и во врска со чиј предлог;

- изрека во која се внесува видот на изречената дисциплинска мерка и краткиот опис на повредата за која државниот службеник е одговорен;

- образложение, во кое се наведува кои факти и врз основа на кои докази се утврдени, каква е оценката на изведените докази и кои околности се земени во предвид при изрекувањето на мерката и

- правна поука за заштита на правата.

Член 24

(1) Во дисциплинската постапка спрема државен службеник не може да се предложат и изречат повеќе дисциплински мерки.

(2) Доколку во извршените дејствија на службеникот има битија од повеќе дисциплински престапи, се цени тежината на сите дејствија заедно и се предлага една дисциплинска мерка која мора да е предвидена со Законот за државните службеници.

IV. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 25

Дисциплинските постапки кои се во тек, ќе завршат според прописите кои важеле до денот на влегувањето во сила на овој правилник.

Член 26

Овој правилник влегува во сила со денот на неговото објавување во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 01-6846/1
31 мај 2006 година
Скопје

Директор,
**Александар Гештаковски**, с.р.

---

## СПОГОДБИ

**75.**

Врз основа на член 59 од Колективен договор за здравствената дејност на Република Македонија („Сл.весник на РМ” бр. 60/06), Самостојниот синдикат за здравство, фармација и социјална заштита на Република Македонија, претставуван од претседателот – д-р Симон Силјаноски и министерот за здравство во Владата на Република Македонија - проф. д-р Владимир Димов, на 24.05.2006 година во Скопје, ја склучија следната

## СПОГОДБА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НАЈНИСКАТА ПЛАТА ЗА НАЈНИЗОК СТЕПЕН НА СЛОЖЕНОСТ И ЗА НАЧИНОТ НА ПРЕСМЕТУВАЊЕ И ИСПЛАТА НА ПЛАТИТЕ ВО ЗДРАВСТВЕНАТА ДЕЈНОСТ

Член 1

Со оваа спогодба се уредува начинот на пресметување и исплата на платите во здравствената дејност во Република Македонија.

Член 2

При утврдување на најниската плата ќе се поаѓа особено: од трошоците на живот, економските можности на стопанството, општото ниво на платите во земјата, нивото на продуктивноста, социјалните давања и други економски и социјални фактори ,и се утврдува на износ од 3400,00 денари.

Член 3

Најниската плата за одделни степени на сложеност за полно работно време и нормален учинок на работникот во јавното здравство ќе се утврдува така што износот на најниската плата од член 2 на оваа спогодба (3400,00), се множи со соодветниот коефициент за одделни степени на сложеност утврдени во Колективниот договор за здравствената дејност.

Член 4

Најниската плата во нето износ која ќе се исплаќа на работниците вработени во јавниот здравствен сектор за полно работно време и нормален учинок, почнувајќи од денот на склучување на оваа спогодба, изнесува 5.060,00 денари.

Доколку платата за одделни степени на сложеност, пресметана на начинот утврден во член 3 од оваа Спогодба изнесува под 5.060,00 денари, истата ќе се зголеми до износот од 5.060,00 денари.

Член 5

Вкупниот износ на додатоците на плата кои произлегуваат од членовите 63, 64, 65 и 74 од Колективниот договор за здравствената дејност на Република Македонија, не може да изнесува повеќе од:

- 25 % од платата на работникот утврдена на член 3 од оваа спогодба за -Универзитетска клиничка болница;

- 20% од платата на работникот утврдена според член 3 на оваа спогодба - за болниците:

- 15% од платата на работникот утврдена според член 3 на оваа спогодба - за сите други јавни здравствени установи.

Член 6

Самостојниот синдикат за здравство, фармација и социјална заштита на Република Македонија се согласува во рок од најмногу два месеци од денот на склучувањето на оваа спогодба, здравствените установи да ги усогласат актите за исплата на плати.

Член 7

Страните потписнички на оваа спогодба, можат да договорат измени и дополнувања на истата, единствено во писмена форма.

Член 8

Оваа спогодба ќе се објави во „Службен весник на РМ“ и ќе применува со денот на нејзиното објавување.

| | |
|---|---|
| Бр. 08-53/1<br>24 мај 2006 година<br>Скопје | Бр. 07-5930/1<br>24 мај 2006 година<br>Скопје |
| Самостоен синдикат за здравство фармација и социјална заштита на Република Македонија<br>Претседател,<br>д-р **Симон Силјаноски**, с.р. | Министерство за здравство на Република Македонија<br>Министер,<br>проф.д-р **Владимир Димов,** с.р. |

# ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РМ ВИ ГИ НУДИ

## СО ГОЛЕМО НАМАЛЕНИЕ ИЗДАНИЈАТА

| Изданија | Цена |
|---|---|
| **1. Изборен законик**, *2006* | **300,00** |
| **2. Закон за стечај,** *2006* *од д-р Кирил Чавдар* *(со објаснувања, судска практика и предметен регистар)* | **600,00** |
| **3. Закон за трговските друштва** со вовед, *2004* | **500,00** |
| **4. Закон за општата управна постапка** (со коментар) *Проф. д-р С. Гелевски, 2005* | **500,00** |
| **5. Кривичен законик** *од проф. д-р Методија Каневчев* *(со кратки упатства, објаснувања и регистар на поимите), 2005* | **600,00** |
| **6. Закон за кривична постапка и Закон за извршување на санкциите (редакциски пречистени текстови)** | **400,00** |
| **7. Закон за работните односи** (редакциска збирка, *2005*) | **400,00** |
| **8. Устав на Република Македонија** *(со сите амандмани од I - XXX), 2005* на македонски јазик (тврд повез) мал формат | **150,00** |
| **9. Устав на Република Македонија** *(со сите амандмани од I - XXX), 2005* на македонски и на англиски јазик (во една книга), голем формат | **300,00** |

## П О Р А Ч К А БР. 69

Со ова неотповикливо ги порачуваме изданијата под реден број _____ во _____ примероци; р.бр._____ во _____ примероци; р.бр._____ во _____ примероци; р.бр._____ во _____ примероци; р.бр._____ во _____ примероци; р.бр. _____ во _____ примероци.

Доказот за извршена уплата на жиро с-ка 300000000188798 и порачката ги испраќаме по пошта на адреса бул. „Партизански одреди" бр. 29, п. фах 51, 1000, Скопје, или на телефакс број + 389-2-311-22-67.

**Порачател:** ________________________________________ **Место:** __________,

**ул.** ____________________________, **бр.** ________, **тел./факс** ________________

**Потпис на порачателот**

**Во** ________, ______**2006 година.** **(М.П.)** ______________________



www.slvesnik.com.mk
contact@slvesnik.com.mk

**Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ц.о.-Скопје**
**бул. "Партизански одреди" бр. 29. Поштенски фах 51.**
**Директор и одговорен уредник - Борис Тренески.**
**Телефони: +389-2-3298-860, 3290-471, 3290-449.**
**Телефакс: +389-2-3112-267.**

**Претплатата за 2006 година изнесува 9.200,00 денари.**
**„Службен весник на Република Македонија" излегува по потреба.**
**Рок за рекламации 15 дена.**
**Жиро-сметка: 300000000188798.**
**Депонент на Комерцијална банка, АД - Скопје.**
**Печат: ЦЕТИС ПРИНТ ДООЕЛ увоз-извоз, Скопје.**

ISSN 0354-1622

2006069